1) Висина на градбите е условена од потребата за простор и во зависност од намената и истата ќе се утврди при понатамошна разработка на блоковите, обврзно земајќи ги предвид следните ограничувачки фактори:

- Да се почитува јавниот интерес преку прописите за заштита и спасување утврдувајќи ја висината во корелација со должината на обрушувањето;
- Да се почитува јавниот интерес преку квалитетни композициски урбанистички решенија со посебна анализа на силуетите на градбите долж улиците;
- Да се почитува јавниот интерес преку овозможување проветрување –аерација на градскиот простор;
- За градбите со намена домување во семејни куќи да се почитува соседското право, односно да не се намалува вредноста на земјиштето и вредноста на градбата на соседот, да се овозможи правото на осончување на градбата на соседот во зимскиот период најмалку еден час, да не се одзема правото на видик на соседот за градбите на коси терени (да не се попречува видикот), да се овозможи аерација на соседскиот простор;
- Висините да бидат рамномерно нивелирани и усогласени при оформувањето на венците, без особени отстапувања за да не се наруши изгледот и силуетите на улиците во секој блок.

Член 8

ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО

1) Процентот на изграденост на земјиштето е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

2) Процентот на изграденост на земјиштето ќе се утврдува при понатамошна разработка на блоковите и истиот ќе варира во зависност од намената, типот на градбата и теренските услови.

Член 9

КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ НА ЗЕМЈИШТЕТО

1) Коефициентот на искористеност (к) е урбанистичка величина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

2) Коефициентот ќе се утврдува при понатамошна разработка на блоковите.

Член 10

УСЛОВИ ЗА ДВИЖЕЊЕ НА ЛИЦА СО ПОПРЕЧЕНОСТ

1) При понатамошна разработката на, за обезбедување услови за движење на лицата со попреченост задолжително да се применуваат Стандардите за мобилност и пристапност согласно важечката законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање.

2) Согласно важечката законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање, за сите градби за јавна употреба треба да се планираат со кота на нултата плоча или со кота на влезните партии што е еднаква со нивелетата на пристапните тротоари и пешачки површини, а доколку денивелациите се неизбежни тогаш во услови за градење мора да се поместат мерки и плански одреби што ќе обезбедат средства за непречена пристапност, како што се рампи, платформи, ескалатори и сл.

3) Согласно важечката законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање, задолжително е површините за движење на пешаците кои се планираат ќе се планираат при понатамошна разработка на блоковите, и тоа: тротоари, пешачки улици, пешачки патеки, плоштади, плоштатки и сите други видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба, освен ако тоа не е неизбежно поради околностите на теренот, не треба да имаат денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што може да ја попречи или намали пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба.

4) При спроведување на Генералниот урбанистички план и при понатамошна разработка на блоковите, задолжително се предвидува превладување и отстранување на сите постојни денивелации, препреки, објекти, инсталации и опрема што ја попречуваат или намалуваат пристапноста и проодноста на јавните пешачки простори и пристапот до градбите за јавна употреба на тротоарите, пешачките улици, пешачките патеки, плоштадите, плоштатките и сите други видови на пешачки површини на земјиште за општа употреба. Во процесот на спроведување на Деталните урбанистички планови и/или Урбанистичките проекти не може да се поставува масивна урбана опрема, сезонска угостителска опрема, какви било прегради, конструкции, платформи, надградени денивелирани подови, скали, конструкции за наткриени тераси од угостителски намени, паркинг места или други опреми, инсталации, предмети или градби што ќе претставуваат архитектонски и урбани бариери за движење на лицата со инвалидност и намалена подвижност, и што ќе го стеснуваат пропишаниот слободен профил за движење на тротоарот.

5) Согласно важечката законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање, површините за движење на пешаците кои ќе се планираат при понатамошна разработка на блоковите, каде што теренот е во наклон треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со пожелен подолжен наклон од 5% или во однос 1:20, а во исклучителни случаи со подолжен наклон најмногу до 8,33% или во однос 1:12.

6) При спроведувањето на Генералниот урбанистички план и при понатамошна разработка на блоковите, задолжително е да се предвидуваат рампи на секој пешачки премин за совладување на денивелацијата меѓу тротарот и коловозот, со закосени елементи на

рабниците, без вертикална денивелација до нивото на коловозот и во широчина на целиот пешачки премин. При понатамошната разработка на блоковите, задолжително да се предвидуваат специјално димензионирани и обележани паркинг места за возила што ги користат лицата со попреченост и намалена подвижност.

Член 11

ЗЕЛЕНИЛО И ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ

1) Со овој Генерален урбанистички план, покрај предвидените површини за зеленило, утврден е процент на озеленетост како однос помеѓу површината наменета за зеленило и вкупната површина на наменската зона (во случајов), изразен во проценти. При понатамошната разработка на блоковите со Детални урбанистички планови, обврзно е да се планира минимален процент на озеленетост од 5% од доминантната наменска зона во рамки на блокот, зеленило кое може да се реализира во рамки на сите планирани наменски зони во рамки на блокот. Ова не се однесува на блоковите кои се со доминантна намена – Д и доколку просторот е веќе целосно изграден по предвидената наменска зона.

Овој процент на озеленетост треба да се дистрибуира како јавно зеленило во кое спаѓаат: јавните градски паркови, зелени сквердови, детски игралишта, јавно урбано зеленило, урбани парк-шуми, арборетуми, ботанички бавчи, градини, урбани ледини и тревнати терени. Во овој процент на озеленетост влегува и заштитното и сообраќајно зеленило како линиско и разделно сообраќајно зеленило, заштитно зеленило на крстосници и јазли, зелени тампон зони помеѓу некомпатибилните наменски зони, индустриските зелени тампон појаси и зелените коридори на крајбрежјата на реките и доловите, како и спортските терени на отворено, трим терени и патеки, рекреативни паркови, тематски паркови без градби и сл.

2) При понатамошната разработка на блоковите со Детални урбанистички планови, обврзно да се земат предвид следните услови:

- Да се почитуваат предвидените заштитни појаси на сообраќајните коридори (автопатот и железницата) предвидени со овој Генерален урбанистички план;
- Да се планира и реализира поставување на линиско зеленило долж примарната и секундарната сообраќајна улична мрежа;
- Да се планира заштитно соорбаќајно зеленило на крстосниците и сообраќајните јазли;
- При понатамошна разработка на блоковите, да се утврди планска одредба за процентот на озеленетост за секоја градежна парцела, таму каде што тоа е можно и во зависност од основната намена, тип и големина на градбата и на градежната парцела, како и нивната просторна диспозиција во однос на населеното место;
- Да се почитуваат одредбите пропишани со Правилникот за планирање, проектирање, подигање и одржување на зеленилото (Сл. весник на РСМ бр. 205/19) и Законот за урбано зеленило (Сл.Весник на РМ бр.11/18);
- Уредувањето на јавните површини и дворните места, околу идните градби хортикултурно да се планираат и реализираат со проекти за хортикултура.

Член 12

СООБРАЌАЈ И ПАРКИРАЊЕ

1) Сообраќајниот план го дефинира само планското решение на примарната сообраќајната улична мрежа во границите на планскиот опфат на овој Генерален урбанистички план за град Крива Паланка.

2) Планираната примарна улична мрежа во планскиот опфат е планирана да го прифати сообраќајот од секундарната улична која ќе се разработува при понатамошна разработка на блоковите и да го поврзе со планираната мрежа на државни патишта (и обратно).

3) Секундарната улична мрежа е застапена во наменските зони кои се планирани со овој Генерален урбанистички план и ќе се разработува при понатамошна разработка на блоковите, согласно нормативите дадени во важечката законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање.

4) Паркирањето се предвидува да се разработува при понатамошна разработка на блоковите и задолжително да се применат стандардите и нормативите согласно законската регулатива, а задолжително во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање.

5) Се дозволува промена на регулација на сообраќаен коридор согласно изработена сообраќајна студија.

6) Да се почитуваат заштитните појаси согласно член 40 од Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21).

Член 13
МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА КУЛТУРНОТО НАСЛЕДСТВО

1) Во поглед на заштитените недвижни добра (означени со „А") кои во изработените ЗКО, се предложени за ревалоризација, тие остануваат со статус споменик на културата и за нив се применуваат конзерваторско-конструктивниот и декоративен концепт на доброто:

- Зачувувањето на црквата „**Свети Димитрија**" и кулата камбанарија да се врши првенствено со редовно одржување и изведување на конзерваторско-реставраторски работи на архитектонско-конструктивните и уметнички содржини во црквата и други мерки на непосрдена заштита на камбанаријата (превентива, конструктивна консолидација и зајакнување), одделно или комбинирано (примена на комбинирани методи на непосредна заштита);
- Зачувување на изгледот на индивидуалниот објек – **куќа на улица „Никола Тесла" бр.35**, во постојниот габарит и височина, првенствено да се врши преку тековно и редовно одржување, како и со изведување на конзерваторско-реставраторски интервенции и други мерки на непосредна заштита.

2) Во поглед на незаштитените недвижни добра кои со предметните ЗКО се предложени за валоризацијата, се до воспоставувањето на заштитата, со валоризацијата се предлагаат општи мерки за заштита, кои ќе важат до сеткнување на статус на заштитено добро, со категорија на значење и соодветен режим на заштита.

Согласно горенаведеното, се предлагаат следните општи мерки на заштита:

- За амбиенталната целина со **бр.01 („Стара Чаршија")** се предвидува задржување на постојната архитектонска-урбана структура, се адаптира за тековните потреби и нови функции, користејќи ги архитектонските карактеристики на добрата. Задржување на постојната висина и габарит на поединечните објекти кои ја формираат и дефинираат предложената целина, односно сите десет (10) објекти кои влегуваат во составот на чаршијата се задржуваат како такви;
- За објектот со **бр.02 (Куќа на ул.„Иво Лола Рибар" бр.11)** се предвидува задржување на постојниот надворешен изглед (во рамките на постојниот габарит и височина), најпрво со редовно одржување и тековно одржување;
- За објектите со **бр. 04 и бр. 05 (Куќи на ул.„Борис Кидрич" бр.39 и 41**, со општите мерки за заштита е опфатено: задржување на диспозицијата на градбите, постојниот габарит и спратност на двата објекти (П+1), со зачувување на типолошките карактеристики на фасадите, пристапи и влезови во објектите. Во рамки на овие општи мерки се дозволени интервенции од тековен карактер, редовно одржување и поправки на објектите од страна на сопствениците со цел подобрување на состојбата на одредени оштетени делови;
- За објектот со **бр.06 (Стара општинска зграда)**, општите мерки се однесуваат на задржување на постојниот габарит и катност П+1, тип на кров, фасадна обработка и автентични архитектонско-декоративни елементи застапени на челната фасада, ориентирана кон улицата. Се дозволуваат интервенции во ентериерот, без да се наруши конструктивниот систем и екстериерниот изглед на челната фасада;
- За објектот со **бр. 07 (Објект дел од тврдина)**, општите мерки пропишуваат зачувување на изворната состојба на постојните остатоци од кула (диспозиција, димензии во должина и височина на камените ѕидови и надворешен изглед на ѕидните

структури); Посебна мерка: потребно е да се започнат активности за отстранување на сите времени објекти (гаражи, настрешници и др. несоодветни содржини), кои директно го загрозуваат физичкиот интегритет и ја блокираат визелната согледливост кон тврдината, но исто така со нивната поставеност и изглед го деградираат непосрденото опкружување на овој историски објект.

- За објектот со **бр. 08 (Спомен костурница со црква)**, се определуваат општи мерки со кои треба да се задржи постојната состојба и екстериерен изглед на недвижното добро, диспозиција на скали за пристап и влез во објектот.

3) За подрачјето на опфатот на ЗКО се определуваат две зони за заштита, и тоа:

- **Зона на ограничена заштита односно гарантирана заштита**, што зафаќа мал дел од подрачјето на ЗКО, и се однесува за дел од заштитено подрачје на кое се наоѓа еден или повеќе споменици, споменичка целина, добро под привремена заштита или контактна зона;
- **Зона без дејство на заштита** (го опфаќа најголемиот дел од планскиот опфат) кој се однесува на просторот што е надвор од Зоната на ограничена заштита.

4) За подрачјето на опфат на ГУП и ЗКО што припаѓа на определената зона на заштита, се утврдуваат следните параметри за заштита:

- Респектирање на историската локација на која се наоѓа културното добро и неговите вредностни карактеристики, задржување на конфигурацијата на теренот и постојната улична мрежа кон заштитените добра, партерно уредување и обработка на дворните простори со цел да се овозможи несметана комуникација и физички пристап до културните добра;
- При изработка и ревизија на проектна документација за градење и други дејства на посегање во интегритетот на заштитеното подрачје, особено при изработка и стручна контрола на конзерваторските проекти, да се внимава на проектните решенија што се однесуваат на габаритот, катноста, односно висината, конструктивниот систем, типот на кровот и кровниот покривач, изгледот на фасадите со сите карактеристични архитектонски елементи, ликовните содржини, материјалите што треба да бидат употребени и техниката на изведба особено ско со нив може да се наруши автентичноста или интегритетот на доброто или амбиентот во заштитеното подрачје;
- Обезбедување на простор за слободни и квалитетни визури како кон силуетата на автентичните остатоци од Старата тврдина, така и за непречен пристап до нејзините видни остатоци;
- Се задржува градежниот фонд од постојните градби, затекнати во границите на дефинирата контактна зона, се дозволуваат градежни работи од аспект а санациони интервенции за подобрување на нивната физичка состојба, како и фасадни интервенции за финален третман на нивниот надворешен изглед;
- На празните локации во одредени контактни зони се дозволува изградба на нови објекти со висина и габарит кој би бил усогласен со висината на заштитените недвижни добра, да се почитува конфигурацијата на теренот за обезбедување непречени визури и усогласување на архитектонскиот израз на новите објекти со општиот амбиент на постојните/изградените;
- Во зоните каде се регистрирани последователни објекти во низа кои формираат амбиентални делови од уличната фасада, наметнуваат обврска за почитување на параметрите од објектите со зачувана автентичност;
- Катноста и височината на објектите, да се утврдат како резултат на сеопфатни анализи и прилагодување кон општиот амбиент и просторните репери дефинирани со регистрираните објекти со предложената валоризација и ревалоризација;
- Зачувување на урбаната матрица во одредени зони, особено на улицата Маршал Тито (Старата чаршија), и делови од подрачјето на преостанатите поединечни валоризирани и ревалоризирани објекти;
- Постоечките отворени површини кои се користат како паркинзи или парковски зони, треба да се задржат и во идните планови, заради обезбедување на непречени визури кон архитектонските репери;

- Пред издавањето на одобрение за градење според општите прописи за градење, за дејства на посегање со кои може да се наруши интегритетот на целина или на кој било нејзин составен дел (доградба, надградба, реконструкција, адаптација, пренамена и сл.), задолжително се обезбедува претходно или друго соодветно одобрение или согласност од органот на државната управа надлежен за заштита на недвижното културно наследство (УЗКН);
- Работите на непосредна заштита за кои не е потребно одобрение за градење, може да се изведуваат единствено врз основа на уредно конзерваторско одобрение, издадено според прописите за заштита на културното наследство;
- Работите на непосредна заштита на градба во контактната зона, која нема статус на поединечно заштитено добро, се вршат врз основа на конзерваторско мислење издадено од надлежната јавна установа за заштита (НУ Национален конзерваторски центар- Скопје).

5) Доколку при реализацијата на Генералниот урбанистички план и при неговото спроведување при понатамошна разработка на блоковите, се дојде до откривање на објекти, односно предмети (целосно зачувани фрагменти) од материјалната култура на Република Северна Македонија, треба да се постапи во согласност со одредбите според Член 65 од Законот за заштита на културното наследство (Сл.весник на РМ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

Во таа смисла, изведувачот е должен:

1. Да го пријави откритието според Член 129 став 2 од Законот,
2. Да ги запре градежните работни активности и да го обезбеди наоѓалиштето од евентуално оштетување и уништување, како и од неовластен пристап и
3. Да ги зачува откриените предмети на местото и во состојбата во која се најдени.

5) Според Член 129, доколку откриените предмети се ископани, односно извадени заради нивна подобра заштита, изведувачот на работите е должен:

1. Да ги предаде откриените предмети при нивното пријавување или тоа да го направи при идентификацијата според Член 66 на овој Закон, а до предавањето да преземе мерки кои се нужни за да не пропаднат и да не се оштетат или да се отуѓат и
2. Да ги даде сите релевантни податоци во врска со местото и положбата на предметите во времето на откривањето и за околностите под кои тоа е направено.

Член 14
МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПРИРОДАТА И ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

1) При понатамошната разработка на блоковите, да се почитуваат мерките за заштита на животната средина и природата согласно:

- Закон за животната средина (Службен весник на Република Македонија, број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18).
- Закон за квалитет на амбиентниот воздух (Службен весник на Република Македонија, број 100/12-пречистен текст, број 163/13, 10/15, 146/15 и 151/21);
- Закон за водите (Службен весник на Република Македонија, број 87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и 151/21);
- Закон за заштита од бучава во животната средина (Службен весник на Република Македонија, број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13, 146/15 и 151/21);
- Закон за управување со отпадот (Службен весник на Република Македонија, број 09/11 - пречистен текст и број 51/11, 123/12, 147/13, 163/13, 51/15, 146/15, 192/15, 39/16 и 63/16);
- Законот за заштита на природата (Службен весник на Република Македонија, број 67/04, 14/06, 84/07, 35/10, 47/11, 148/11, 59/12, 13/13, 163/13, 41/14, 146/15, 39/16, 63/16, 113/18 и 151/21) и други законски и подзаконски акти.

2) Доколку се спроведуваат градежни активности да се користат еколошки прифатливи градежни материјали. По завршување на градежните активности потребно е да се процени

можноста за повторно искористување на отстранетата почва од теренитe, со цел да се избегнат дополнителни економски трошоци заради потребите од нејзина дислокација. По завршување на активностите, да се спроведе организирано управување со отпадот согласно законската регулатива. По завршување на градежните активности да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини.

3) Задолжително постапување со посебните видови отпад согласно постојната законска регулатива:

- Правилник за начинот на постапување со отпад од азбест и со отпад од производи кои содржат азбест (Сл.в. на РМ бр.89/06),
- Правилник за начинот и условите за постапување со ПХБ, начинот и условите што треба да ги исполнуваат инсталациите и градбите за отстранување и за деконтаминација на ПХБ, искористените ПХБ и начинот на означување на опремата која што содржи ПХБ (Сл.в. на РМ бр.48/07, 130/09),
- Правилник за начинот на постапување со медицински отпад, како и начинот на пакување и обележување на медицинскиот отпад (Сл.в. на РМ бр.146/07),
- Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување на податоците (Сл.в. на РМ бр.156/07),
- Правилник за поблиските услови за постапување со опасниот отпад и начинот на пакување и означување на опасниот отпад (Сл.в. на РМ бр.15/08),
- Правилник за начинот на постапување со отпадот од титаниум диоксид, начинот на вршење мониторинг и формата, содржината и начинот на доставување податоци (Сл.в. на РМ бр.108/09),
- Правилник за начинот на постапување со отпадните гуми, како и условите кои треба да ги исполнуваат правните и физички лица кои увезуваат употребувани гуми (Сл.в. на РМ бр.108/09, 142/09),
- Правилник за мерките за заштита на животната средина кои мораат да ги преземат производителите сопствениците и субјектите кои постапуваат со искористени возила, нивните компоненти и материјали, целите и роковите за нивно постигнување и начинот и условите за складирање, формата и содржината на потврдата за преземање на возилото за уништување, формата и содржината на образецот за известување како и начинот на водење на евиденцијата (Сл.в. на РМ бр.108/09, 164/10),
- Правилник за начинот на водење како и формата и содржината на обрасците на базата на податоци за следење на повторната употреба и преработка на искористените возила и на целите кои треба да се постигнат со повторна употреба и преработка на искористените возила(*) (Сл.в. на РМ" бр. 74/11 од 02.06.2011 год.),
- Правилник за формата и содржината на барањето заради неиздавање на дозволата односно недонесување на решение за одбивање на барањето за издавање на дозвола за трговија со неопасен отпад (Сл. в. на РМ" бр. 129/11) и други подзаконски акти.

4) Заради заштита на медиумите и областите во животната средина во услови на настаната штета загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе трошоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба, како пред оштетувањето.

5) Согласно Дописот од Министерство за животна средина, Управа за животна средина – Сектор води со бр.11-5975/5 од 30.08.2022, се препорачува да се почитува Законот за водите (Сл.Весник на РМ бр.87/08, 06/09, 161/09, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15, 52/16 и Сл.Весник на РСМ бр.151/21) за да не дојде до нарушување на режимот на водите, потребно е да бидат исполнети следните критериуми:

- да се почитува крајбрежниот појас определен со Одлуката за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците во градот Крива Паланка опфатени со урбанистички планови со бр. 07-1544/13 од 03.06.2013год.,
- да се почитува крајбрежниот појас определен со Одлуката за определување на ширина на крајбрежен појас на водотеците: „Бабин Дол", „Дол Житен Склад", „Дол Грамаѓе 4" и „Ицев Дол" во градот Крива Паланка, опфатени со урбанистички планови со бр. 09-1788/2 од 10.04.2023, за која има изготвено Решение за давање

согласност на Предлог – Одлука за определување на крајбрежен појас на водотеците во град Крива Паланка со бр. УП1-1/5-265/2023 од 16.03.2023год.

- Заради заштита на коритата и бреговите на природните водотеци, се забранува:
  - да се градат напречни насипи, прегради, други објекти и насади во коритата на водотеците кои го влошуваат режимот на течението на водите;
  - да се вади песок, чакал и камен од речното корито за да не дојде до влошување на постојаниот режим на водите, и да предизвика ерозија или се оневозможи користењето на водите;
  - да се менува правецот на водотекот без согласност на Министерството за животна средина и просторно планирање;
  - да се сечат дрва и друга вегетација од коритата и бреговите на водотеците, езерата и акумуцаиите без одобрение;
  - изградба на постројки и објекти или било кои работи и активности што опфаќаат преработка, постапување, складирање, отстранување или транспорт на опасни материи, супстанции и цврст или течен отпад;
  - да се копаат прокопи и канали по должината на насипот на коритото поблиску од 10м. од внатрешната страна и 10м. од надворешната страна на ножицата на насипот;
  - да се врши сообраќај долж или преку водостопанските објекти и постројки, освен на определени места за тоа (природни рампи);
- Заради заштита и спречување на оштетувања на водостопански објекти и постројки, се забранува:
  - да се копаат и дупчат бунари на растојание помало од 20 метри од ножицата на одбранбените насипи;
  - да се изведуваат работи кои би можеле да ја загрозуваат стабилноста на браната, одбранбените насипи и други водостопански објекти и постројкли или нивното наменско користење, како и да се менуваат природните услови во околината на акумулацијата поради што би можело да дојде до лизгање на теренот, појава на ерозија или создавање на суводолици и порои;
  - да се копаат прокопи и паралелни канали по должината на насипот поблиски од 10 метри од внатрешната и 10 метри од надворешната страна на ножицата на насипот;
  - во појасот на одбранбениот насип и други заштитни водостопански објекти и постројки да се сечат дрвја, врбјаци и грмушки што се составен дел од заштитата, одбранбените работи и мерки, ако тоа не е определно со планот за одржување на заштитните објекти и постројки;
  - да се изведуваат градби или да се вршат работи со кои се оштетуваат објектите и постројките.
- Изведувањето на водостопанските објекти и постројки да се врши во согласност со прифатени современи техники и стандарди, прилагодени на научно техничјкиот развој на начин кој нема да предизвика негативно влијание врз режимот на водите и врз корисниците.
- Објектите и построките кои што во процес на производството, преработка, полнење и складирање, користат или применуваат опасни материи и супстанци што можат да влијаат врз квалитетот на водата, вклучувајќи и цевководи за транспорт на такви материи и супстанции, се градат, поставуваат, работат и одржуваат на начин што исклучува секакво директно и индиректно загадување на подземните и површинските води;
- Потребно е да се предвиди механички и биолошки третман на отпадните води од објектите за комерцијална и деловна намена;
- Да се превземат сите неопходни технички мерки за спречување на индиректно испуштање на масла и задувачки материи и супстанции;
- Одговорните за изработка на проектна документација, потребно е да имаат предвид дека испуштањето на атмосферските води од одводните канали не смее да предизвика нарушувањет и/или влошување на состојбата со квалитетот на водното тело-реципиент,

утврдена со Уредбата за категоризација и класификација на водите на РСМ (Сл.Весник бр.18/99);

- При планирање на системите за собирање, одведување и прочистување на урбани отпадни води, потребно е да се имаат предвид големината на населеното место, согласно кое општината е да воспостави систем:
  - за собирање на отпадните води во секое населено место со повеќе од 2000 е.ж.;
  - соодветно прочистување на сите отпадни води кои ќе се испуштаат од системи за собирање на отпадни води од населени места со помалку од 2000 е.ж.;
  - секундарен (биолошки) или на него соодветно прочистување на отпадните води од системите за собирање на отпадни води од наслени места со повеќе од 2000 е.ж.
- При планирањето потребно е да се има предвиде дека поставување на индивидуални системи или други соодветни системи со кои се постигнува истото ниво на заштита на животната средина се смета за оправдано само доколку со постоењето на систем за собирање и одведување на отпадни води не се обесбедува оправданост заради големи трошоци или затоа што системот нема да придонесе кон подобрување на животната средина.
- Согласно Законот за води, Министерството за животна средина и просторно планирање издава водостопанска согласност заради изградба на нови или реконструкција или доградба на постојни објекти, кои се наоѓаат во или покрај површинските води, објекти коишто поминуваат преку или под површинските води или пак објекти кои се сместени во близина на површинските води или крајбрежните земјишта, а кои можат да влијаат врз режимот на водите, како и Дозвола за користење, односно дозвола за испуштање на водите на правните и физичките лица, вклучувајќи ги и органите на државната управа и општините, кои испуштаат отпадни води или испуштаат или фрлаат материи и супстанции во реципиентите, под услови и на начин утврдени со Законот за водите.

6) Согласно Дописот од Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Сектор за шумарство и повство со бр.УП 47-130/22 од 14.11.2022год., во планската документација на ГУП за град Крива Паланка, вклучени се следните катастарски парцели:

- КП 746 во КО Лозаново,
- КП 150, КП 151, КП 152, КП 7728, КП 7141, КП 7143, КП 7148, КП 7801, КП 304, КП 7813, КП 7811, КП 7131, КП 830, КО Конопица,
- КП 27, КП 19/1, КП 30, КП 55, КП 52, КП 53, КП 152, КП 149, КП 145/2, КО Мартиница,
- КП 9453/1, КП 9475, КП 9298/1, КП 9427,2, КП 9437/2, КП 9468, КП 9484/2, КП 9508/2, КП 9461, КП 9474, КП 9437/1, КП 9467, КП 9330/2, КП 9453/2, КП 9427/1, КП 9426, КП 9456/1 и КП 9456/1, КО Градец.

Согласно Член 15 и Член 18 од Законот за шумите за трајна пренамена и копачење на шума и шумско земјиште се плаќа надоместок.

Член 15

МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

1) Задолжително треба да се почитуваат, разработуваат детално и да се вградат мерките за заштита и спасување при понатамошната разработка на блоковите, како и при самата изградба на градбите, согласно Законот за заштита и спасување (пречистен текст 93/12, 41/14, 129/15, 71/16 106/16 и 83/18) и Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18) и други законски и подзаконски акти. Правилник за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи (Сл. Весник на РМ бр 32/11 и 145/13), (Сл. Весник на РМ бр. 99/17и 143/17) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа област.

2) Обврзно треба да се почитуваат мерките за заштита согласно Законот за одбрана (Сл, весник на РМ бр. 185/11 - пречистен текст),

3) На градбите обврзна е изведба на громобранска инсталација со цел да нема појава на зголемено пожарно оптоварување.

4) При проектирањето да се внимава да не се создаваат тесни грла на сообраќајниците и зони на тотални урнатини.

5) Градбите да бидат оптимално сеизмички отпорни на 8-9° по МКС скалата, да бидат изградени со помала количина на градежен материјал и релативно помали тежини.

6) При понатамошната разработка на блоковите, противпожарната заштита се предвидува да обезбеди:

- брз и непречен пристап до градбите;
- градбите се предвидуваат од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали,
- при планирањето да се води сметка за обезбедување на доволни растојанија меѓу градбите,
- со сообраќајното решение и начинот на кој се предвидува изградбата на градбите овозможен е пристап на противпожарно возило од повеќе страни.
- внатрешните улици да бидат со доволна ширина, а потребно е да се изведат со задоволувачки осовински притисок, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила,
- инсталациите, уредите и постројките треба да се изведуваат на начин да не претставуваат опасност за предизвикување на пожари и експлозии,
- дае обезбедена доволна количина на вода за гасење на пожар.

7) Во зависност на намените на градбите, потребно е да се изготват елаборати за извршени геомеханички, геолошки и хидротехнички испитувања.

8) При понатамошната разработка на блоковите, заштитата и спасувањето од поплави се предвидува да обезбеди:

- регулирање на водотеците,
- изградба на заштитни објекти,
- одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти,
- набљудување и извидување на состојбите на водотеците и реките, заштитните објекти и околината,
- обележување на висинските коти на плавниот бран,
- навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје,
- спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје,
- обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените,
- обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Член 16

Во постапка на донесување се следните плански документации кои се целосно или делумно усогласени со утврдените со овој ГУП граници:

- ДУП за блок 7А (И13),
- ДУП за блок 10А (дел од Ј01), и
- ДУП за блок 13В (дел од 304).

6.2. ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ, УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ, РЕЖИМ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ВО БЛОКОВИТЕ ВО ГУП ЗА ГРАД КРИВА ПАЛАНКА

Посебните услови за спроведување на Генералниот урбанстички план, се утврдени за секоја единица на градежно земјиште (блок) поединечно и се прикажани во табеларен приказ со урбанистички параметри како нумерички показатели.

Посебните услови претставуваат основа за изработка на планско-проектна документација од пониско ниво за понатамошна разработка на блоковите.

Посебните услови за спроведување на планот претставуваат инструмент за просторна дистрибуција на планските услови утврдени со Генералниот урбанистички план во планерските просторни единици со кои Генералниот урбанистички план треба да се спроведува.

Член 17

1) Генералниот урбанистички план за град Крива Паланка, ќе се спроведува со изработување, донесување и реализација на Детални урбанистички планови и/или Урбанистички проекти.
2) Планските опфати на блоковите дефинирани со овој Генерален урбанистички план воедно претставуваат граници односно плански опфати на Деталните урбанистички планови.
3) Со исклучок на точка 2) од Член 17, се дозволува границите односно планските опфати на Деталните урбанистички планови да бидат во согласност со постојни природни граници (река, дол, сообраќајница, пешачка патека, зеленило и сл.)
4) Доколку границите на планските опфати на Деталните урбанистички планови се помали од границите на блоковите утврдени со овој Генерален план за град Крива Паланка, Деталниот урбанистички план мора да ги задоволи сите зададени параметри на предметниот блок, односно да ги почитува параметрите за густина на жители и процентуалната застапеност на наменските површини во однос на површината на вкупната наменска зона зададена со посебните услови на блокот во чиј опфат би навлегол помалиот плански опфат на Деталниот урбанистички план.
5) Деталните урбанистички планови како планови од пониско ниво на планирање од Генералниот урбанистички план, треба да се во потполна согласност со Генералниот урбанистички план за град Крива Паланка.
6) Изработувачите и нарачателите на Детални урбанистички планови и/или Урбанистички проекти се обврзуваат за предвидените планските опфати да ги обезбедат сите потребни податоци и информации и мислења од органите на државната управа и други субјекти, кои ќе бидат вградени во планско-проектната документација од пониско ниво.

Член 18

1) При изработка на Урбанистичките проекти за инфраструктура надвор од планскиот опфат, како и за градбите на комуналната супраструктура и комуналната инфраструктура, обврзно е да се почитуваат современите техничките стандарди за изградба на ваков тип на градби, нормативите за заштита на животната средина, нормативите за заштита и спасување и други нормативи засегнати со намената, да се почитува релевантната законска и подзаконска регулатива и да се почитуваат општите и посебните услови за градење.
2) Со Урбанистички проект за инфраструктура, со кој се врши урбанистичко-архитектонска, градежна или техничко-технолошка планско-проектна разработка на трасата, архитектонските, градежните и техничките елементи на сообраќајните и другите инфраструктури, како и надземните објекти што им припаѓаат на инфраструктурните системи, може директно да се спроведува Генералниот урбанистички план, за инфраструктури од примарната мрежа за кои не е донесен

Детален урбанистички план, односно за кои Деталниот урбанистички план не е Усогласен со генералниот урбанистички план.

2) При изработка на Урбанистичките проекти за инфраструктура во и надвор од планскиот опфат, при изработка на идејните и основните проекти на градбите, како и градбите на комуналната супраструктура и комуналната инфраструктура, задолжително е да се почитуваат современите техничките стандарди за изградба на ваков тип на градби, прописите за заштита на животната средина, прописите за заштита и спасување и други прописи засегнати со намената и да се почитуваат општите и посебните услови за градење.

Член 19

1) Секундарната сообраќајна мрежа е застапена во планираните наменски зони со овој Генерален урбанистички план и истата треба да се планира при понатамошна разработка на блоковите.

2) При разработката на блоковите, согласно потребите на градот, површините за јавни функции (намена В), се дозволува да се планираат во рамки на сите планирани со овој ГУП наменски зони, иако со истиот тие не се предвидени.

3) Се дозволува промена на регулација на сообраќаен коридор согласно изработена сообраќајна студија.

4) Да се почитуваат заштитните појаси согласно член 40 од Законот за јавни патишта (Сл.Весник на РМ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16 и 174/21).

5) Доколку при понатамошна разработка на блоковите и анализата на постојната состојба на демографските податоци се утврди дека постојниот број на жители е поголем од предвидениот со овој ГУП број на жители во рамки на плански опфат или доколку се увиди потреба за промена на планираниот број на жители во рамки на плански опфат кај неизграденото градежно земјиште, се дозволува флексибилност околу бројот на жители и густината на жители при разработката со ДУП, но истите задолжително да бидат предвидени и образложени во рамките на планската програма за ДУП а во согласност со општината.

Член 20

ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДЕЊЕ, УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ, РЕЖИМ НА КОРИСТЕЊЕ НА ЗЕМЈИШТЕТО И ГРАДБИТЕ ВО БЛОКОВИТЕ:

БЛОК И 01

Границата на блокот И 01 кој зафаќа површина од 17.166ha, е оформена од север по граница на КП 607/3, КП 606/1, КП 606/2, КП 606/3, КП 606/4, КП 606/5, КП 606/6, КП 611/6, КП 611/5, КП 611/3, КП 611/2, КП 611/4, КП 29, по осовина на Крива река, од запад ја сече КП 4608, од југ ја сече КП 4608 па продолжува по граница на КП 308, КП 306 и од исток по граница на КП 305, КП 303, КП 4607/1 и КП 648.

Површина: **171665.12m²**
Периметар: **3463.8977m'**

Границата на блокот е претставена описно со координатите на секоја прекршна точка, од 1 до 225 кои се претставени табеларно:

рб	X	Y
1	7611766	4675181.79
2	7611760.48	4675189.37
3	7611747.24	4675203.79
4	7611733.2	4675231.04
5	7611728.03	4675248.83
6	7611717.82	4675274.28
7	7611719.59	4675283.93
8	7611716.43	4675291.58
9	7611703.09	4675292.92
10	7611696.31	4675279.59
11	7611690.57	4675280.41
12	7611683.36	4675292.69
13	7611650.69	4675286.44
14	7611649.66	4675284.72
15	7611647.816	4675288.913
16	7611645.027	4675292.46
17	7611638.03	4675282.07
18	7611630.625	4675264.679
19	7611628.118	4675253.052
20	7611626.329	4675246.777
21	7611614.219	4675212.859
22	7611606.202	4675194.851
23	7611575.101	4675147.404
24	7611544.867	4675140.732
25	7611522.177	4675131.234
26	7611499.263	4675121.642
27	7611497.719	4675111.53
28	7611465.401	4675073.319
29	7611284.439	4674997.569
30	7611181.141	4674899.168
31	7611144.518	4674822.372
32	7611041.399	4674696.549
33	7611063.062	4674667.615
34	7611057.087	4674662.971
35	7611051.199	4674658.463
36	7611034.676	4674644.326
37	7611025.124	4674635.66
38	7611015.524	4674626.953
39	7611011.267	4674621.193
40	7611007.158	4674615.638
41	7611007.078	4674615.256
42	7611006.769	4674611.592
43	7611009.277	4674608.952
44	7611014.657	4674609.115
45	7611018.574	4674609.963
46	7611022.029	4674610.711
47	7611026.055	4674611.588
48	7611029.265	4674612.357
49	7611031.689	4674613.689
50	7611037.195	4674618.263
51	7611041.853	4674622.261
52	7611047.902	4674625.683
53	7611053.628	4674628.923
54	7611063.31	4674634.075
55	7611072.021	4674638.695
56	7611080.903	4674640.03
57	7611085.174	4674640.672

БЛОК З 03

Границата на блокот З 03 кој зафаќа површина од 10,317ha, и е оформена од север по осовина на Крива река, од запад по граница на КП 6578, па продолжува по осовина на КП 6983/2 и од југ и исток по градска магистрална улица „А".

Површина: **103176.18m²**
Периметар: **1458.5484m'**

Границата на блокот е претставена описно со координатите на секоја прекршна точка, од 1 до 66 кои се претставени табеларно:

рб	X	Y
1.	7608599.6075	4673101.5993
2.	7608590.2795	4672926.9215
3.	7608582.5152	4672872.7375
4.	7608578.1333	4672856.2039
5.	7608573.9173	4672811.3232
6.	7608560.0987	4672795.5104
7.	7608527.8897	4672763.5069
8.	7608511.7129	4672745.6907
9.	7608491.9724	4672722.8189
10.	7608435.3497	4672689.4595
11.	7608288.7964	4672658.8253
12.	7608282.0158	4672672.6116
13.	7608280.8166	4672674.7598
14.	7608278.8834	4672680.3517
15.	7608277.8609	4672683.0253
16.	7608276.8439	4672686.8264
17.	7608275.9239	4672690.2473
18.	7608275.9731	4672695.3960
19.	7608276.0535	4672699.6889
20.	7608277.8853	4672706.1728
21.	7608280.2074	4672708.8632
22.	7608282.7565	4672711.8822
23.	7608286.2698	4672716.0324
24.	7608288.0155	4672719.1559
25.	7608290.0859	4672722.9174
26.	7608290.5303	4672724.4546
27.	7608291.2545	4672726.9195
28.	7608289.3574	4672735.5841
29.	7608287.2850	4672745.0265
30.	7608287.0572	4672745.6110
31.	7608284.9557	4672751.1702
32.	7608282.8567	4672756.7898
33.	7608281.0774	4672760.8292
34.	7608273.7199	4672775.3450
35.	7608273.4990	4672775.7400
36.	7608272.9653	4672778.4542
37.	7608272.4315	4672781.1685
38.	7608273.9040	4672785.3425
39.	7608275.3076	4672789.3209
40.	7608269.1601	4672794.3400
41.	7608234.6101	4672782.7400
42.	7608225.3601	4672801.7000
43.	7608210.9701	4672803.4500
44.	7608188.9901	4672809.2500
45.	7608179.8301	4672812.8100
46.	7608167.9601	4672809.8400
47.	7608154.8401	4672813.0500
48.	7608144.6371	4672818.9621
49.	7608149.8930	4672823.2758
50.	7608163.6933	4672834.5094
51.	7608178.4086	4672846.3270
52.	7608194.2651	4672858.8398
53.	7608211.4885	4672872.1585
54.	7608230.3050	4672886.3944
55.	7608250.9403	4672901.6584
56.	7608273.7750	4672918.1011
57.	7608299.8073	4672936.0315
58.	7608330.1900	4672955.7983
59.	7608366.0758	4672977.7500
60.	7608408.6175	4673002.2351
61.	7608458.9678	4673029.6024
62.	7608500.8072	4673051.1867
63.	7608542.6404	4673070.1654
64.	7608554.0584	4673075.6686
65.	7608566.0761	4673081.7051
66.	7608587.7055	4673094.3778

Нумерички показатели за БЛОК З 03:

ГУП КРИВА ПАЛАНКА 2019-2029						
НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА НАМЕНСКИ ЗОНИ НА НИВО НА БЛОК						
БЛОК	НАМЕНА	ШИФРА	(ha)	(%)	ЖИТЕЛИ	ГУСТИНА (жит./ha)
З 03	Домување	А	3.484	33.77 %	99	28.42
	Комерцијални и деловни намени	Б	0.088	0.85 %		
	Јавни функции	В	0.000	0.00 %		
	Производство, дистрибуција и сервиси	Г	4.225	40.95 %		
	Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори	Д	0.257	2.49 %		
	Инфраструктура	Е	0.453	4.39 %		
	Примарна улична мрежа	ПУ	0.721	6.99 %		
	Автопат	АВ	0.000	0.00 %		
	Железница	Ж	0.000	0.00 %		
	Река	Р	1.038	10.06 %		
	Дол	Дол	0.053	0.51 %		
	Вкупно:		10.318	100.00 %	99	9.60

Табела бр. 41 Нумерички показатели за блок З 03

- Блокот да се разработи со планска документација од пониско ниво - Детален урбанистички план и/или Урбанистички проект, согласно важечка законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање.
- Секундарната улична мрежа во рамки на блокот да се планира со Детален урбанистички план и/или Урбанистички проект согласно важечка законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање.
- Паркирањето односно бројот на потребните паркинг места да се планира и разработи со Детален урбанистички план и/или Урбанистички проект, а задолжително да е во согласност со важечка законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање.
- Покрај предвидените површини со намена В – јавни институции, понатамошна разработка на блоковите, се дозволува да се планираат дополнителни површини со намена В-јавни инстуции, во рамки на сите наменски зони.
- Задолжително да се почитуваат мерките за заштита на културното наследство во блокот кои се пропишани во **Член 13** од Општите услови за изградба.
- При понатамошна разработка на блоковите, со тампон зони да се раздвојат некомпатибилните намени.
- При понатамошна разработка на блоковите со Детални урбанистички планови, обврзно е да се планира минимален процент на озеленетост од 5% од доминантната наменска зона во рамки на блокот, зеленило кое може да се реализира во рамки на сите планирани наменски зони во рамки на блокот.
- Висината на градбите во блоковите е регулирана во **Член 7** од Општите услови за изградба.
- Ширината на крајбрежниот појас на водотеците и реките да биде во согласност со **Член 22, став (9) и став (10)** од Посебните услови за изградба.

Вкупни нумерички показатели за Генерален урбанистички план за град Крива Паланка, општина Крива Паланка:

ГУП КРИВА ПАЛАНКА 2019-2029						
ВКУПНИ НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА НАМЕНСКИ ЗОНИ НА НИВО НА ПЛАНСКИ ОПФАТ НА ГРАД						
ГРАД	НАМЕНА	ШИФРА	(ha)	(%)	ЖИТЕЛИ	ГУСТИНА (жит./ha)
КРИВА ПАЛАНКА	Домување	А	465.568	70.64 %	13,400	28.78
	Комерцијални и деловни намени	Б	11.081	1.68 %		
	Јавни функции	В	10.596	1.61 %		
	Производство, дистрибуција и сервиси	Г	27.415	4.16 %		
	Зеленило, спорт, рекреација и меморијални простори	Д	72.019	10.93 %		
	Инфраструктура	Е	6.798	1.03 %		
	Примарна улична мрежа	ПУ	15.616	2.37 %		
	Автопат	АВ	9.114	1.38 %		
	Железница	Ж	10.706	1.62 %		
	Река	Р	24.149	3.66 %		
	Дол	Дол	5.998	0.91 %		
		Вкупно:	659.061	100.00 %	13,400	20.33

Табела бр. 48 Вкупни нумерички показатели за ГУП за град Крива Паланка, општина Крива Паланка

- Блоковите да се разработуваат со планска документација од пониско ниво - Детален урбанистички план и/или Урбанистички проект, согласно важечка законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање.
- Секундарната улична мрежа во рамки на блоковите да се планира со Детален урбанистички план и/или Урбанистички проект согласно важечка законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање.
- Паркирањето односно бројот на потребните паркинг места да се планира и разработи со Детален урбанистички план и/или Урбанистички проект, а задолжително да е во согласност со важечка законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање.
- Покрај предвидените површини со намена В – јавни институции, при понатамошна разработката на блоковите, се дозволува да се планираат дополнителни површини со намена В-јавни инстуции, во рамки на сите наменски зони.
- Задолжително да се почитуваат мерките за заштита на културното наследство во блоковите кои се пропишани во **Член 13** од Општите услови за изградба.
- При понатамошната разработка на блоковите, со тампон зони да се раздвојат некомпатибилните намени.
- При понатамошната разработка на блоковите со Детални урбанистички планови, обврзно е да се планира минимален процент на озеленетост од 5% од доминантната наменска зона во рамки на блокот, зеленило кое може да се реализира во рамки на сите планирани наменски зони во рамки на блокот.
- Висината на градбите во блоковите е регулирана во **Член 7** од Општите услови за изградба.
- Ширината на крајбрежниот појас на водотеците и реките да биде во согласност со **Член 22, став (9) и став (10)** од Посебните услови за изградба.
- Да се почитува заштитниот појас со широчина од 40м. покрај Автопат А2 (Коридор 8), сметано од надворешниот раб на патниот појас.
- Да се почитува заштитниот појас со широчина од 15м. покрај трасата на магистралната железничка пруга (Коридор 8), сметано од осовината на железничката пруга.

Член 21
ПОСЕБНИ УСЛОВИ ЗА ГРАДБА ОД ДОМЕНОТ НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

1) Планираната примарна улична мрежа во планскиот опфат е планирана да го прифати сообраќајот од секундарната улична мрежа и има за цел да го поврзе градот со планираната мрежа на државни патишта (и обратно).

2) Секундарната улична мрежа ќе се разработува со Детални урбанистички планови и/или Урбанистички проекти и е застапена во рамки на наменските зони планирани со Генералниот урбанистички план за град Крива Паланка.

3) Паркирањето односно бројот на потребните паркинг места да се планира и разработи со Детален урбанистички план и/или Урбанистички проект, а задолжително да е во согласност со важечката законска и подзаконска регулатива за урбанистичко планирање.

Согласно вашето Барање мислење, ваш бр. 04-274/2025 од 24.12.2025 година, за Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1–Автомобилски сервиси, на кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка.

НОМАГАС АД Скопје ве известува дека дава **позитивно** мислење.

Со почит,

Изготвил:
АнитаТевдовска дипл.инж.арх.

Постапка:
77075

НОМАГАС АД Скопје
По овластување на директорот,
Заменик раководител на Сектор
за изградба на гасоводен систем
Сашо Јовчески

Македонски Телеком АД, Кеј 13-ти Ноември бр. 6, 1000 Скопје

Бр. 77075

Датум: 26.12.2025

До
Друштво за производство, трговија и градежништво
ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДООЕЛ
ул. Илирија бр.1, Зелен пазар на кат лок. бр.20, 1200 Тетово

Предмет: Доставување на мислење

Согласно Вашето Барање за Мислење добиено преку информацискиот систем е-урбанизам за Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1– Автомобилски сервиси, на кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка, Ви доставуваме ПОЗИТИВНО МИСЛЕЊЕ.

Лице за контакт: Марија Николовска, тел. 070/201-058.

Со почит,
Македонски Телеком АД Скопје
DEVOPS активности на оптика
и мрежи од следна генерација
По овластување на
Дејан Влаховиќ

EVN Group

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје
Друштво за дистрибуција на електрична енергија
Бр. 10-55/5-7 од 15.01.2026
Скопје

Одговорно лице: Цветомир Јованоски
Контакт телефон: 072/ 932-596

Предмет: Издавање на мислење за електроенергетски објекти и инфраструктура од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ, Скопје

Почитувани,

Во врска со Вашиот допис – Барање за мислење за **Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена ГЗ.1–Автомобилски сервиси, на КП 6583/2 КО Крива Паланка, Општина Крива Паланка,** Ве известуваме дека **немаме** забелешки за постојните и новопланираните електроенергетски објекти и инфраструктура и Ви даваме **ПОЗИТИВНО** мислење.

При изработка на ДУП, УПС и слична планска документација, а согласно пресметките за потребната едновремена моќност на планираните објекти, според вид, намена и слично, потребно е да се предвидат нови маркици за трафостаници со определена, дефинирана градежна парцела, како и да се планираат (вцртаат) траси во тротоарите од двете страни, во кои би се положувале електроенергетски објекти од различни напонски нивоа. Премините преку пат да се предвидат да бидат согласно стандардите за премин на електроенергетска инфраструктура.

Услов е кај сите вкрстувања и приближувања до електроенергетски објекти и инфраструктура, да се запазуваат законските прописи и работни норми.

Задолжително да се почитуваат заштитните појаси на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија.

При реализација на градбата задолжително да се обезбеди присуство на претставници на ЕВН за да се избегне било какво оштетување на постоечките среднонапонски кабли.

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје)

Со почит,

Електродистрибуција ДООЕЛ Скопје
Оддел Мрежен Инженеринг

Jovanoski Cvetomir Digitally signed by Jovanoski Cvetomir
Date: 2026.01.15 16:23:29 +01'00'

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ "КОМУНАЛЕЦ" К.П.
Бр. 08-1124/2
30.12.2025 год.
КРИВА ПАЛАНКА

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
КОМУНАЛЕЦ
КРИВА ПАЛАНКА

ЈП„КОМУНАЛЕЦ"-КРИВА ПАЛАНКА
Адреса:Крива Паланка,„Илинденска"бр.17
Телефон и факс:031-375 100Директор;375-747Комерција
Жиро сметка 320-1000050418-Централна Кооперативна Банка-Скопје
Жиро сметка 210-040270350130Тутунска Банка
Жиро сметка:240-3500013189-69Уни Банка
Е.Д.Б.МК4015989100876

До
ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО
експорт-импорт Тетово

Предмет: Одговор на Ваше барање на мислење

Почитувани,

Во врска со Ваше барање со бр. 04-274/2025 од 24.12.2025г. за доставување на мислење за изработка на **Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1– Автомобилски сервиси, на кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка,** Ве известуваме дека нашето мислење е позитивно.

Со почит,

Изработил
Мирјана Додевска
М. Додевска

Одобрил
Раководител на сектор,
Валентина Велеска

ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА КОМУНАЛНИ УСЛУГИ »КОМУНАЛЕЦ« КР. ПАЛАНКА
Д.О.
1

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ
ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

1. ВОВЕД

Согласно барањата на инвеститорот сопственик на кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, се пристапи кон изработка на **Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1–Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка**.
Со изработката на Урбанистичкиот проект ќе се формира градежна парцела со површина за градба а ќе се дефинираат урбанистички параметри со услови за спроведување согласно Законот за градење.

Основа за изработка на предметниот УП се **одредбите на член 58 став 2 точка 3** од **Законот за урбанистичко планирање** (“Сл.Весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 240/24, 40/25, 101/25, 127/25), согласно кој со **Урбанистички проект за градежно земјиште** се врши урбанистичко-архитектонска, градежна или техничко–технолошка, планско-проектна разработка на градежни парцели или на катастарски парцели што ги исполнуваат условите и стандардите за формирање градежна парцела за соодветните стопански и индустриски намени што со генерален урбанистички план се наменети за изградба на стопански, индустриски, енергетски и други техничко-технолошки и специјални намени.

Подрачјето е **во опфат на важечки генерален урбанистички план**:

За парцелата кп 6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА има добиено:

-***Извод од Генерален урбанистички план за Крива Паланка, за дел од урбан блок З-03, донесен со Одлука на Совет на општина Крива Паланка со бр.09-4752/5 од 09.10.2023 год***.
-***Извод од Проект за инфраструктура за изградба на општински пристапен пат од Мизовски ливади до с.Градец со краци****, од април 2016 год.одобрен од општина Крива Паланка 05.05.2017год.*

Катастарската парцела кп 6583/2 е сопственост на инвеститорот видно од имотен лист бр.12515. За да се создадат услови за изградба на објект, потребно е формирање на градежна парцела.

Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1–Автомобилски сервиси, на кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка се изработува врз основа на методологијата која произлегува од одредбите утврдени со **Законот за урбанистичко планирање** (“Сл.Весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 240/24, 40/25, 101/25, 127/25 како и подзаконските акти што произлегуваат од него: **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и **87/26**).

Согласно член **59, став 2 од Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и **87/26**), урбанистичкиот проект е планско проектна документација која структурално се состои од плански и проектен дел.

Урбанистичкиот проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1–Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка е изготвен врз основа на:

- Извод од Генерален урбанистички план за Крива Паланка, за дел од урбан блок З-03, донесен со Одлука на Совет на општина Крива Паланка со бр.09-4752/5 од 09.10.2023 год;
- **Законот за урбанистичко планирање** (“Сл.Весник на РМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 240/24, 40/25, 101/25, 127/25
- **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и **87/26**)
- ажурирана геодетска подлога и теренско снимање од страна на овластени стручни лица;
- увид на лице место од страна на стручни лица – изготвувачи на планот и
- податоци добиени од релевантните институции.

1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

Проектната програма заверена од барателот за одобрување на урбанистичкиот проект е составен дел на УП и е приложена во оригинал.

ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ

ТЕТОВО

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

за

Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1–Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА,

Општина Крива Паланка

април, 2026

ПРЕДМЕТ: **Проектна програма** за Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1–Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка

НАРАЧАТЕЛ: Стоичко Зиновиев

ИЗРАБОТУВАЧ: ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ – Тетово

ДИРЕКТОР: Нермин Мустафи

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 04-55/2025

Проектна програма за Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1–Автомобилски сервиси, на кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка

ИЗРАБОТУВАЧ: **ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ - ТЕТОВО**

ПЛАНЕРИ:

Раководител на УП- планер
Елена Арсов, дипл.инж.арх.
број на овластување 0.0362

планер соработник
Елена Арсеска.инж.арх.
број на овластување 0.0529
Мирема Ферати, дипл.инж.арх.

Инфраструктура
Муса Муслија, дипл.град.инж.

С О Д Р Ж И Н А:

- ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

1.ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

2.ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

3.ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

- 3.1. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА
- 3.2. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА
- 3.3. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

4. МЕТОДОЛОГИЈА

ПРОЕКТНА ПРОГРАМА за
Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1–Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка

ВОВЕД

Согласно барањата на инвеститорот, на **КП 6583/2, К.О.КРИВА ПАЛАНКА,** општина Крива Паланка, ќе се пристапи кон изработка на **Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1–Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка**. Со изработката на Урбанистичкиот проект ќе се создадат услови за разработка на градежната парцела, согласно потребите на инвеститорот и условите дадени со добиениот Извод од план за предметната парцела.

Основа за изработка на предметниот УП се **одредбите на член 58 став 2 точка 3** од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ бр 32/20, 111/23, 171/24, 240/24, 40/25, 101/25 и 127/25), согласно кој со **Урбанистички проект за градежно земјиште** се врши урбанистичко-архитектонска, градежна или техничко–технолошка, планско-проектна разработка на градежни парцели или на катастарски парцели што ги исполнуваат условите и стандардите за формирање градежна парцела за соодветните стопански и индустриски намени што со генерален урбанистички план се наменети за изградба на стопански, индустриски, енергетски и други техничко-технолошки и специјални намени.

Со урбанистичкиот проект детално се уредуваат елементите на внатрешната просторна организација на парцелата, внатрешната поделба на површини според намената на земјиштето и поединечните површини за градење.

Во согласност со член 62 став (3) од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РМ бр 32/20, 111/23, 171/24, 240/24, 40/25, 101/25 и 127/25), Урбанистички проект се изработува врз основа на **Проектна програма**, што се состои од текстуален и од графички дел, со која се уредуваат намената и начинот на користење на просторот, условите за градење во рамки на опфатот и границата на опфатот.

Подрачјето е **во опфат на важечки генерален урбанистички план**:
За парцелата кп 6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА има добиено:

-***Извод од Генерален урбанистички план за Крива Паланка, за дел од урбан блок З-03, донесен со Одлука на Совет на општина Крива Паланка со бр.09-4752/5 од 09.10.2023 год***.
-***Извод од Проект за инфраструктура за изградба на општински пристапен пат од Мизовски ливади до с.Градец со краци****, од април 2016 год.одобрен од општина Крива Паланка 05.05.2017год.*

Катастарската парцела кп 6583/2 е сопственост на инвеститорот видно од имотен лист бр.12515. За да се создадат услови за изградба на објект, потребно е формирање на градежна парцела.

Оттаму, согласно одредбите од добиениот **Извод од план**, во кој е нагласена изработка на Урбанистички проект и **Член 58 став (2) точка 3** од Законот за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РСМ бр 32/20, 111/23, 171/24, 240/24,

40/25, 101/25 и 127/25), ќе се пристапи кон изработка на Урбанистички проект за градежно земјиште, со кој ќе се формира и разработи градежната парцела согласно Условите зададени со изводот од план.

1. ОПИС НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат ја опфаќа целосно катастарската парцела кп 6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА.
Опфатот претставува неизградено градежно земјиште на кое не постојат градби во реалност ниту запишани градби во катастарот на недвижности. За парцелата има изработено ажурирана геодетска подлога чии податоци ќе бидат сметани како постојна состојба.
Проектниот опфат на североисток граничи со КП 6583/1, на југоисток со кп 6748/2, на југозапад со КП 6582 и кп 1757, и на северозапад со КП 6578 (низ која поминува планирана сообраќајница од *Проект за инфраструктура за изградба на општински пристапен пат од Мизовски ливади до с.Градец со краци*).

Површината на проектниот опфат изнесува 878.09 м^2.

Теренот во рамките на опфатот е во благ пад од југоисток кон северозапад со разлика од ориентационо 2м.

Надморска висина изнесува од 601,16мнв до 602,96 мнв.

Сателитска снимка од локација:



2. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Со изработка на **Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1–Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка**, ќе се планира намена во согласност со намената зададена со планот од повисоко ниво. Според Изводот од план зададена е групата на класи на намена:

Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ,
а со овој Урбанистички проект се одредува поединечна намена :

Г3.1-Автомобилски сервиси

со компатибилни и комплементарни намени.

Поединечната намена се одредува согласно табелата на класификација на намени од **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и 87/26).

Во новопланираната градежна парцела со површина од **819.33 м^2** (0.081 ха) ќе се планира 1(една) површина за градба дефинирана со градежни линии и тоа:

Согласно условите зададени со Изводот од план, со овој урбанистички проект за ГП 1.1 се планираат следните урбанистички параметри:
Една површина за градење со максимална височина до венец од 10,0м и максимален број на спратови од П+1.
За градбата со поединечна класа на намена **Г3.1-Автомобилски сервиси** ќе се применуваат комплементарни класи на намени согласно член 80 од **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и **87/26**).

ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

3.1. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

За градежната парцела потребно е приклучување на планираната и постоечката инфраструктура, со цел задоволување на комуналните потреби на новопланираната градба во ГП.
Сообраќајниот пристап до градежната парцела ќе се обезбеди од планирана сообраќајна инфраструктура. За лкоацијата релевантен е проект за инфраструктура *за изградба на општински пристапен пат од Мизовски ливади до с.Градец со краци, од април 2016 год., одобрен од општина Крива Паланка 05.05.2017год.*,за кој има Извод од план. Истиот ќе биде вграден и земен во предвид при дефинирањето на новопланираната градежна парцела.
Во рамките на проектниот опфат, потребниот број на паркинг места ќе се обезбеди во рамките на градежната парцела согласно член 134, став 1 од **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, **30/26 и 87/26**), согласно кој за градбите со

класа на намена Г- Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела, а во конкретниот случај со оглед на предвидената намена: **сервис за поправка на моторни возила (автосервис) потребно е да се обезбедат мин 4 паркинг места за леки возила**.
Во внатрешноста на опфатот да се реши динамичкиот и стационарниот сообраќај согласно релевантната законска и подзаконска регулатива.

2.2. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Со проектното решение да се предвиди приклучок кон постојните и планирани инсталации, а со претходна согласност од надлежните институции.

3.3. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

Со проектното решение да се предвиди приклучок кон постојните инсталации а со претходна согласност од надлежните институции.

4. МЕТОДОЛОГИЈА

Урбанистичкиот проект да се изработи во склад со зададените услови со важечкиот Урбанистички план, како и со:
-Законот за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РСМ бр. 32/20, 111/23, 171/24, 240/24, 40/25, 101/25 и 127/25),
-**Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, **30/26 и 87/26**).
Содржината на урбанистичкиот проект да биде согласно **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, **30/26 и 87/26**).


При изработувањето на Урбанистичкиот проект, да се почитуваат сите добиени податоци, информации и мислења добиени во текот на постапката од органите на државната управа и другите субјекти. Урбанистичкиот проект го изработува правно лице кое поседува Лиценца за изработка на урбанистички планови согласно Законот за урбанистичко планирање (“Сл.Весник на РСМ бр 32/20, 111/23, 171/24, 240/24, 40/25, 101/25 и 127/25).

Изработил:
Дипл.инж.арх. Елена Арсов

Инвеститор: Стоичко Зиновиев

Преку Полномошникот:
„ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ“ – Тетово

Директор,
Нермин Мустафи



PRO-ENGINEERING
Про-Инженеринг
Градски пазар на кат лок бр.20 Тетово
Tregu i gjelbnrt ne kat lok nr.20 Tetovë
Musa Muslija 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM, PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

за Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1-Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка

ЛЕГЕНДА :

U-1.1 - Граница на проектен опфат= 878.09 м^2 (0,87 ха)

ЛЕГЕНДА

- граница на опфат
- опфат на ажурирање
- асфалтиран пат
- катастарска парцела
- 574.03 – кота на терен

N

ПЛАНИРА:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО - ТЕТОВО	УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи	лиценца за урбан.планови бр.0056
		лиценца за проектирање бр.П339/А	
НАРАЧАТЕЛ:	Стоичко Зиновиев	РЕВИЗИЈА:	
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Крива Паланка		
ПЛАН:	Урбанистички проект		
ПРИЛОГ:	Ажурирана геодетска подлога со опфат	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	
ПЛАНЕР:	СОРАБОТНИЦИ:	ИНФРАСТРУКТУРА:	
дипл.инж.арх. Елена Арсов овластување бр 0.0362	дипл.инж.арх. Елена Арсеска овластување бр 0.0529	д.г.и. Муса Муслија	РАЗМЕР М = 1:500 / ТЕХНИЧКИ БР. 04-55/2025
	дипл.инж.арх. Мирема Ферати	ДАТА април, 2026	ПРИЛОГ бр: 02

2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Проектниот опфат кој е предмет на уредување со овој УП е со дефинирана намена согласно планот од повисоко ниво
Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ

Површината на проектниот опфат изнесува 878.09 м^2.

Проектниот опфат целосно ја опфаќа катастарската парцела 6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА и истата е неизградено градежно земјиште во сопственост на инвеститорот видно од имотен лист бр.12515.

Проектниот опфат на североисток граничи со КП 6583/1, на југоисток со кп 6748/2, на југозапад со КП 6582 и кп 1757, и на северозапад со КП 6578. (низ која поминува асфалтирана улица на лице место и планирана сообраќајница од *Проект за инфраструктура за изградба на општински пристапен пат од Мизовски ливади до с.Градец со краци*). Во градежната парцела се планира колскиот пристап кој се надоврзува на планираниот од ПИ преку пристапен пат за еднонасочен сообраќај.

Теренот во рамките на опфатот е во благ пад од југоисток кон северозапад со разлика од ориентационо 2м.
Надморска висина изнесува од 601,16мнв до 602,96 мнв.

Местоположба на проектен опфат:



Проектниот опфат е даден табеларно со детални точки со координати во X и Y правец:

СПИСОК НА КООРДИНАТИ НА ДЕТАЛНИ ТОЧКИ

Бр. на точка	Y	X	Висина	Бр. на точка	Y	X	Висина
1	7608393.040	4672819.241	603.362	57	7608324.710	4672813.993	600.741
2	7608386.828	4672817.303	603.096	58	7608322.998	4672808.672	601.140
3	7608380.855	4672814.516	603.216	59	7608332.901	4672819.030	601.370
4	7608375.414	4672812.215	603.308	60	7608339.689	4672822.839	601.322
5	7608372.583	4672810.101	603.639	61	7608346.743	4672829.118	601.202
6	7608366.442	4672815.296	602.192	62	7608356.515	4672824.345	601.684
7	7608368.668	4672818.752	602.244	63	7608351.760	4672818.915	601.672
8	7608372.340	4672823.439	602.120	64	7608347.286	4672812.699	601.781
9	7608374.934	4672826.494	601.947	65	7608340.033	4672807.081	602.050
10	7608378.361	4672830.811	601.850	66	7608336.974	4672802.393	602.408
11	7608369.653	4672835.651	601.519	67	7608348.558	4672799.353	602.406
12	7608366.725	4672831.373	601.482	68	7608353.403	4672804.136	602.366
13	7608362.872	4672826.234	601.920	69	7608356.158	4672812.673	602.027
14	7608360.080	4672821.731	601.836	70	7608360.793	4672817.627	602.022
15	7608358.050	4672816.837	601.819	71	7608363.579	4672821.073	602.034
16	7608351.541	4672821.982	601.469	72	7608371.520	4672816.521	602.358
17	7608353.372	4672825.692	601.396	73	7608366.856	4672812.313	602.508
18	7608356.863	4672830.949	601.388	74	7608362.913	4672806.472	602.616
19	7608358.998	4672834.459	601.510	75	7608361.042	4672799.781	602.794
20	7608361.068	4672838.758	601.281	76	7608359.326	4672795.554	602.867
21	7608352.453	4672843.668	601.197	77	7608366.788	4672791.414	603.401
22	7608349.593	4672838.866	601.049	78	7608370.402	4672796.773	603.130
23	7608347.640	4672833.885	600.861	79	7608373.402	4672801.980	603.353
24	7608344.284	4672829.513	601.022	80	7608376.424	4672809.801	603.385
25	7608342.166	4672825.242	601.115	81	7608379.225	4672813.568	602.618
26	7608333.523	4672834.535	600.976	82	7608393.217	4672817.148	603.020
27	7608335.700	4672839.695	600.969	83	7608380.612	4672811.756	602.959
28	7608337.291	4672845.587	600.874	84	7608374.131	4672798.004	603.351
29	7608336.266	4672849.993	602.657	85	7608372.840	4672789.262	603.612
30	7608328.946	4672843.874	599.329	86	7608366.677	4672786.857	602.959
31	7608325.639	4672837.426	601.585	87	7608366.609	4672789.058	602.965
32	7608319.834	4672841.344	602.269	88	7608350.222	4672792.979	603.091
33	7608324.207	4672845.589	600.981	89	7608351.085	4672794.920	603.263
34	7608327.812	4672851.751	601.161	90	7608338.296	4672800.096	602.710
35	7608323.245	4672853.469	601.917	91	7608336.094	4672798.960	602.195
36	7608321.526	4672848.935	601.612	92	7608320.244	4672805.383	603.419
37	7608322.622	4672857.513	601.519	93	7608320.538	4672807.763	603.428
38	7608319.011	4672853.413	601.350	94	7608309.436	4672809.825	601.475
39	7608314.811	4672848.849	601.324	95	7608308.604	4672812.270	601.648
40	7608310.465	4672844.413	601.096	96	7608308.198	4672816.937	601.283
41	7608319.389	4672860.398	601.256	97	7608311.863	4672823.618	602.632
42	7608318.563	4672857.560	601.237	98	7608319.321	4672834.089	600.428
43	7608315.625	4672862.632	601.203	99	7608321.563	4672842.863	601.133
44	7608314.564	4672857.821	601.141	100	7608313.432	4672849.623	601.154
45	7608311.970	4672853.053	601.148	101	7608310.206	4672850.339	601.129
46	7608314.025	4672850.435	601.196	102	7608302.518	4672841.314	601.033
47	7608309.363	4672844.236	601.168	103	7608304.892	4672838.295	601.109
48	7608307.409	4672846.897	601.118	104	7608295.843	4672826.842	600.860
49	7608315.586	4672849.582	601.267	105	7608291.786	4672827.183	600.894
50	7608317.161	4672848.053	601.600	106	7608286.260	4672817.361	600.827
51	7608318.496	4672844.712	601.156	107	7608289.369	4672814.425	600.831
52	7608325.134	4672835.495	600.795	108	7608295.872	4672814.010	600.873
53	7608324.803	4672829.555	601.279	109	7608297.666	4672817.426	601.235
54	7608322.228	4672823.719	602.093	110	7608300.026	4672822.252	601.355
55	7608319.148	4672818.314	601.128	111	7608302.159	4672817.951	601.582
56	7608315.813	4672813.673	601.092	112	7608300.616	4672812.838	601.197

2.1. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА:

Според добиените податоци и информации во ПИМ постапка бр.75674
во проектниот опфат во неговата непосредна околина има делумно изведени постојни инсталации:

- Според податоци добиени од **ЕВН – Електродистрибуција-Скопје со број 10-55/5-457 од 04.11.2025,** во близина на опфатот **има постојна нисконапонска електро-енергетска мрежа** прикажана во графичкиот дел инвентаризација.

Задолжително да се предвиди заштитен појас на електроенергетските објекти согласно Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија

Доколку во опфатот е потребна промена или дислокација на електроенергетските објекти и инфраструктура, потребно е да се предвиди локација/траса за дислокација на објектите и инфраструктурата и инвеститорот е должен
да ги надомести трошоците за дислокација. Еден од условите за позитивно мислење за одобрение за градење е претходно реализирана дислокација и/или промена предвидена во постапката за е-урбанизам (услови издадени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје).

- Според податоци добиени од Акционерско друштво за вршење на енергетска дејност пренос на природен гас **НОМАГАС Скопје со допис број 08-4993/2 од 22.10.2025** во државна сопственост, на наведениот плански опфат **нема** изградено ниту планирано гасоводна мрежа.
- Според податоци добиени од **АД ТЕЛЕКОМ со допис број 75674 од 21.10.2025, на локацијата нема постојна МКТ инфраструктура.**
- Според податоци добиени од **АЕК со допис број 1404-177/2 од 20.02.2026год., на локацијата нема податоци за изградени јавни електронски комуникациски мрежи.**
- Според податоци добиени од **Јавното претпријатие за државни патишта** со допис број 10-11409/2 од 12.11.2025 година, проектниот опфат **не граничи со државен пат** кој е во надлежност на ЈПДП.
- **Од Дирекцијата за заштита и спасување-подрачно одделение Крива Паланка, со допис број** 09-233/2 од 22.10.2025 год, за проектниот опфат нема податоци за постоечка и планирана инфраструктура и доставени се услови, податоци и заштитни мерки кои е потребно да се вградат во одредбите на УП.
- Според **АД МЕПСО** со допис број 11-5895/1 од 22.10.2025 година, предметниот опфат **не се пресекува со ЕЕ Објекти** во нивна сопственост.
- Според податоците добиени од **Управа за заштита на културно наследство со допис број 17-3607/2 од 06.11.2025 година,** во границите на опфатот **нема** заштитени добра, ниту добра за кои основано се претпоставува дека претставуваат културно наследство. Потребно е да се вградат заштитни мерки според Законот за заштита на културното наследство.

Доколку при реализација на проектот се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од Законот за заштита на културно наследство (Сл.весник на РМ. бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 и Службен весник на РСМ бр. 03/25).

- Според податоци добиени од **Јавното претпријатие за железничка инфраструктура, Железници на Република Северна Македонија-Скопје** со

допис број 20-4223/2 од 05.11.2025 година проектниот опфат се наоѓа надвор од заштитениот појас на железничката пруга, на предметната локација **нема** планирани и постојни инсталации и објекти кои се во сопственост на ЈП ЖРСМ Инфраструктура-Скопје.

- Според податоци добиени од **Агенцијата за цивилно воздухопловство** со допис број 12-8/803 од 31.10.2025 предметниот опфат се наоѓа **вон зона** на било кој аеродром, леталиште или воздухопловен уред, односно во опфатот нема објекти, инсталации уреди или било какви структури од областа на цивилното воздухопловство, и истиот **може да се планира без посебни услови и ограничувања** од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, со напомена дека за изградба на издвоени антенски столбови или оџаци повисоки од 30м.или др. објекти со височина поголема од 100м.потребно е да се обезбеди согласност од Агенцијата за цивилно воздухопловство на изработена проектна документација.

- Според известувањето добиено во ПИМ постапка 75674 од Општина Крива Паланка, со допис број 29-6513/2 од 11.12.2025 локалитетот **се наоѓа во плански опфат на ГУП за Општина Крива Паланка** и е со намена Г-производство, дистрибуција и сервиси. Локалитетот , парцелата 6583/2 КО Крива Паланка, **не е во опфат на ДУП** и соседна планска документација е ДУП Грамаѓе-Конопница и Проектот за инфраструктура за изградба на општински пристапен пат од Мизовски ливади до с.Градец со краци(одобрен од Општина Крива Паланка со Потврда број 29-756/2 од 05.05.2017год.)

Од останатите институции и претпријатија нема доставено одговор во законскиот рок.

3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА, ВО КОЈА Е УТВРДЕН ПРОСТОР ОПРЕДЕЛЕН СО ГРАДЕЖНИ ЛИНИИ

Проектниот концепт е поставен врз основа на Изводот од план, анализа на просторот, анализа на можностите за просторен развој и Проектната програма. Проектниот концепт е во директна зависност од големината на проектниот опфат, природните фактори, конфигурацијата на теренот и од можностите за просторна композиција, односно естетско обликување на просторот. Проектниот концепт е условен и од мерките за заштита и спасување.

Просторот нема особени пејсажни вредности и се наоѓа во зона која со план од повисоко ниво е планирана за групата на намени од индустрија. Целта на урбанистичкиот проект е да се создадат услови за изградба на објект автосервис, согласно потребите на сопственикот и стандардите за урбанистичко планирање а во согласност со намената дефинирана со планот од повисоко ниво.

Со урбанистичкиот проект се врши разработка на формираната градежната парцела со површина за градба, при што се разработуваат и партерот, и инфраструктурните градби во рамки на парцелата.

3.1 ДЕЈНОСТИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОДВИВААТ ВО ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ

КЛАСА НА НАМЕНА

Во рамките на проектниот опфат се оформува една градежна парцела **1.1** со намената согласно Изводот од план:

Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ.
а согласно член 77 од класификацијата на намени и табелата зададена со Правилникот за урбанистичко планирање, за градежната парцела се одредува

поединечна намена = **Г3.1-Автомобилски сервиси**

Се определуваат следните дозволени компатибилни намени согласно член 83 од **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и **87/26**): Б1, Г2 и Г4.
Вкупната површина на збирот на применетите компатибилни намени може да биде до 40% од вкупно изградена (етажна) површина на градбата.

Проектното решение на овој Урбанистички проект е основа за понатамошна изработка на Извод и спроведување со Основен проект.

*__Напомена__-Идејното решение презентирано во овој Урбанистички проект при реализација може да трпи промени но единствено во рамките на површината за градба и дозволениот процент на изграденост дефиниран со овој УП, а согласно

Закон за градење. Процентот на озеленетост под кое не смее да има градба не смее да биде под 20% во однос на градежна парцела.

3.3 НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА ГРАДБАТА ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА

УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ за градежната парцела													
Бр. на ГП	Површина на Г.П. (м2)	Поединечна намена	компатибилни намени	Мах.површина за градење (м2)	Вкупно развиена површина (м2)	Мах висина до венец(м2)	Мах. катност	Процент на изграденост (%)	Коеф. на искористеност	Потребен мин.бр.на паркинг места	Површина на зеленило (м2)	Површина на внатрешен сообраќај и партер	Нулта плоча(нв)
1.1	819.33	Г3.1-автосервиси	(Б1,Г2,Г4)-40%	297.90	595.80	10.00	П+1	36.36%	0.73	4	188.44	332.99	602.00

3.4. СООБРАЌАЈ

ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБЕН БРОЈ ПАРКИНГ МЕСТА

Пристапот до градежната парцела е од планирана сообраќајна инфраструктура.
Колскиот влез во ГП 1.1 е преку пристапен пат за еднонасочен сообраќај кој се надоврзува на планираната сообраќајница од усвоениот Проект за инфраструктура.

Планиран е еден **влез-излез** во градежната парцела 1.1 преку јавна површина и внатрешна сообраќајница со мин широчина од 5.5 м што служи за пристап до паркинг местата и влез во објектот. Интервентен пристап за ПП во случај на пожар се планира од спротивната страна преку соседната парцела за која е обезбедена согласност од сопственикот на кп.6748/2 КО КРИВА ПАЛАНКА.

Потребата од паркинг простор се решава **целосно во рамките на градежната парцела** според Одредбите од Изводот од план, а норматив за определување на потребен број паркинг места е користен од Правилникот за урбанистичко планирање. Бројот на потребните паркинг места ќе се дефинира со одредбите од член 134, став 1 од **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и **87/26**), согласно кој за градбите со класа на намена Г - Потребниот број паркинг места се утврдува во процесот на донесувањето или спроведувањето на урбанистички план, во зависност од конкретната намена на градбата, начинот на производство, бројот и структурата на вработени, степенот на автоматизацијата на производствениот процес, оддалеченост на живеењето на вработените, постоење на јавен превоз или гаранции за организиран превоз на вработените, водејќи грижа сите потреби од стационарен сообраќај – службен, индивидуален и за возилата и механизацијата што се употребува за потребите на основната намена на градбата – да се обезбедат во рамки на градежната парцела**.**
Потребниот број паркинг места ќе се обезбеди на партер. Дозволено е проектирање и на подземно паркирање.

Режим на градење под земја:
Градбите што ќе се градат под земја е потребно да се градат на пропишано растојание од границата на соседните градежни парцели од 1м, освен во случаите кога со согласност на сопствениците на две или повеќе соседни парцели се планира заедничко паркирање. Од аспект на изградба до максимално дозволените параметри зададени со овој УП, основен услов да биде обезбедување на потребните паркинг места.
Во конкретниот случај обезбедени се мин.4 потребни паркинг места за леки коли со оглед на планираната намена Г3.1 автосервис. За компатибилните намени (доколку се реализираат), да се обезбедат дополнителни паркинг места.

3.5. Озеленување

Во графичкиот дел од УП прикажана е површината за градење ограничена со градежни линии во која може да се гради градба, а останатиот дел од градежната парцела да се уреди хортикултурно со зелени површини (тревнати површини со ниско и високо зеленило). Процентот на озеленетост треба да изнесува минимум 20% од градежната парцела под кое нема градба, а согласно Законот за урбано зеленило (“Сл.Весник на РМ бр11/18),член 20 и член 171 од **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и **87/26**).

3.6. ОСНОВНИ ВОДОВИ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Трасите и профилите на основните водови на инфраструктурата се превземени од добиените податоци од институции, објектите и водовите на внатрешниот развод на сите комунални инфраструктури како и планираните од важечката планска документација.

Нивелмански план

Котата на приземјето на планираната градба, пристапот и партерното уредување на градбите во проектниот опфат да се усогласат со нивелетата на улиците и условите на теренот. Теренот во границите на проектниот опфат е на надморска височина од 601,6 do 603,10 мнв, со мал пад од југоисток кон северозапад, согласно ажурираната геодетска подлога.

3.6.1. Водоснабдување

За просторот кој е предмет на овој УП, ЈП-Комуналец Крива Паланка нема доставено податоци и информации, а за новопланираната градба се планира приклучок кон новопланирана водоводна мрежа, но се до реализација на истата инвеститорот потребата за санитарна вода ќе ја обезбедува од **сопствени извори**. Димензионирањето на внатрешната водоводна мрежа ќе се изврши со Основен проект. Да се предвиди резервоар за обезбедување со техничка вода и ПП.

3.6.2. Фекална канализациона мрежа

За просторот кој е предмет на овој УП, ЈП-Комуналец Крива Паланка нема доставено податоци и информации. Одведувањето на фекални отпадни води ќе се врши привремено во септичка јама се до изведба на планираната фекална канализациона мрежа. Димензионирањето на внатрешната канализациона мрежа ќе се изврши со Основниот проект. Да се третираат отпадните води со маслофаќачи пред испуштање во реципиентот-канал. Да се предвиди мини пречистителна станица во градежната парцела доколку стопанскиот субјект продуцира отпадни води кои по својот квалитет не одговараат на "Уредбата за категоризација на водотеците, езерата, акумулациите и подземните води".

3.6.3. Атмосферска канализациона мрежа

Од увидот на лице место констатирано е дека не постои атмосферска канализациона мрежа.
Атмосферските отпадни води во рамки на парцелата ќе се одведуваат во зелените површини со предвидување на попивателен бунар за атмосферски води се до изведба на планираната атмосферска канализација. Обврзно да се третираат водите со маслофаќачи пред испуштање во реципиентот-река. Забрането е решавање на одводот на атмосферските води со приклучување на фекалната канализација.

3.6.4. Електроенергетска инфраструктура

Од податоците добиени од надлежната институција кои се во прилог на овој проект, во околината на предметниот опфат, поминува нисконапонска електрична мрежа. Планираните градби се планира да се приклучат кон постојната ниско напонска електроенергетска мрежа во согласност со условите зададени од надлежното претпријатие. Доколку потребите за електрична енергија не можат да се задоволат од истиот или нема услови за приклучок, потребата за електрична енергија да се обезбеди од **алтернативни извори на енергија**

3.6.5. Телекомуникациска инфраструктура

Димензионирањето на телефонската мрежа треба да се изведе према принципот за јавните содржини (и компатибилните намени) според нивната големина (површина), функција, број на вработени и сл.
Самото приклучување во постојната телефонска мрежа на планираните телефонски корисници ќе се изврши со приклучок до постојните телекомуникациски инсталации во согласност со операторите.

4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

Сите детални услови за проектирање и градење кои се зададени со овој Урбанистички проект се комплементарни на условите зададени со Изводот од план. Условите од овој урбанистички проект единствено ги надополнуваат и детално ги разработуваат, а не ги заменуваат условите за градење.

4.1. Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на проектот и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по стапување во сила на Урбанистичкиот проект.

4.2. Изградбата на нови градби, комунални градби и инсталации, како и вкупното просторно уредување на локацијата треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел од документацијата.

4.3. Во оваа зона согласно **Извод од план** може да се предвидуваат градби со намена: **Г-ПРОИЗВОДСТВО, ДИСТРИБУЦИЈА И СЕРВИСИ**.

4.4. Во рамките на проектниот опфат се подразбираат комплементарни намени кои ја дополнуваат примарната намена на градежната парцела и градбите и служат за нивно дополнување и функционално комплементирање, а во сè во склад со одредбите на **Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и **87/26**) Вакви можни комплементарни намени се: деловите од градежната парцела и. градбите што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање, површините под зеленило и деловите од парцелата и градбите што се неопходни за комуналните инфраструктури.

-Поставување на помошен објект во функција на објектот може да се врши надвор од зададените градежни линии а реализацијата на истиот ќе биде согласно Законот за градење.

4.5 **Компатибилните намени** можат да учествуваат согласно зададените проценти во табеларниот дел.

4.6 Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на градежната парцела.

4.7 **Регулациона линија** е линија на разграничување помеѓу градежно земјиште за општа употреба и парцелирано градежно земјиште за поединечна употреба. Во графичките прилози означени се регулационите линии, со детално котирање на растојанијата до градежните линии.

4.8 **Градежна линија** е регулаторна линија во урбанистички план/проект која ја определува и ограничува површината за градење во рамките на градежната парцела односно линија до којашто во градежната парцела може да се планира површина за градење или изградба на градба.

Диспозицијата на површината за градба и нејзиното растојание од границите на градежната парцела е определена согласно Општите услови за изградба во Изводот од план, како и тековниот Правилник за урбанистичко планирање.

Применет е дисперзивен тип на градење наменет за домување со слободностоечки градби со по 4 фасади со отвори.
1. Кога растојанието помеѓу површината за градење и страната на градежната парцела (кон сосед) е 0,00 м, не се дозволени никакви отвори на ѕидот на градбата кон границата на градежната парцела,
2. Кога растојанието е од 1,20 до 3,00 м дозволени се помошни отвори за вентилација и дневно светло со парапет од најмалку 1,60 метри,
3. Кога растојанието е поголемо од 3,00 метри дозволени се регуларни отвори на таа страна од градбата со парапет висок од 0,00 до 1,60 м.

4.9 Правила за пречекорување на градежна линија

Градежната линија се спроведува со можни и дозволени пречекорувања на издадените елементи од архитектонската пластика на градбите. Дозволените пречекорувања се во зависност од постојните архитектонски изразни средства и архитектонско наследство.
-Може да се предвидува дозволено пречекорување на градежната линија на првостепената и второстепената архитектонска пластика само над приземниот кат на градбата кон дворот, додека помеѓу теренот и првиот кат може да се предвидуваат пречекорувања само со одредени елементи од третостепената архитектонска пластика, кога за тоа постојат услови и не повеќе од 0,30м.

-Кога растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е 1,20м, не се дозволени пречекорувања на градежната линија со еркери и други издадени делови на било која висина од вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со границата на градежната парцела, а доколку растојанието помеѓу градежната линија и границата на градежната парцела е поголемо од 1,20м дозволените издадени делови не можат да бидат на растојание од границата на градежната парцела што е помало од 1,20м.

4.10 Максимална височина на градбите

Максималната височина на градбата е планска одредба со која се утврдува дозволената височина на градбата на вертикалната рамнина чијшто пресек со теренот се совпаѓа со градежната линија.
Максималната височина на градбата изнесува H=10.0м до венец.
Последниот кат може да се проектира како потпокривен спрат при натамошна разработка согласно Закон за градење.
-Поткровје или потпокривен спрат што во урбанистички план се планира како изградена површина чијашто намена е еднаква на намената на градбата, не се обележува во урбанистички планови и урбанистички проект посебно – како поткровје, туку како кат што влегува во бројот на вкупно одредените катови на градбата.
Висината на објектите се определува од нивото на тротоарот или пристапната сообраќајница до завршниот венец на градбата од страната која гледа кон лицето на парцелата и е изразена во должни метри.

Правото да се гради до дозволената максимална висина со овој УП да е исполнето со други услови дадени со овој УП а тоа се:
-да се обезбеди потребен број паркинг места согласно бруто изградената површина и
-да се запази дозволениот процент на изграденост со овој УП.
-да се обезбеди минимален процент на зеленило на ниво на градежна парцела под кое нема градба.

4.11 Бројот на катови е за Г1.1-Автосервиси изнесува П+1

4.12 Висина на кровот е висина на слеме. Максимална висина на слеме изнесува 4.5м мерено од висината на завршниот венец. Во рамките на оваа висина може да се уреди потпокривен корисен простор само со една катна височина.

Од максималната височина на слемето и дозволената силуета на покривот може да отстапуваат други делови на градбите во планскиот опфат:

- кули, покривни бањи, стакларници и издадени покривни елементи,
- оџаци, вентилациони канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко - технолошки инсталации и - сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот.

4.13 Процент на изграденост на земјиштето (Р%) е урбанистичка величина која ја покажува густината на изграденост. Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

4.14 Коефициентот на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка величина која го покажува интезитетот на изграденост на градежното земјиште. Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи.

4.15 Котата на нулта плоча е висинска кота на плочата на приземјето на објектот во однос на котата на нивелетата на заштитниот тротоар и не се дозволува нејзино поместување под котата на тротоарот односно под котата на пристапната патека.

4.16 Комуналниот отпад - сметот ќе се одлага во контејнери лоцирани на погодни места во околината на проектниот опфат, од каде ќе се евакуира во регионалната депонија.

4.17 Во проектниот опфат има предвидено 1 градежна парцела во која се планира површина за градење.

Во табеларниот приказ што е составен дел на проектот, прикажани се билансните показатели за зададениот опфат со површини изразени во м2 и нумерички податоци каде е прикажана градежната парцела и е дефинирана со:

- број на градежна парцела;
- намена на земјиштето и градбите;
- комплементарни класи на намени
- површина на градежна парцела (м²)
- површина за градење (м²)
- вкупна развиена површина (м²)
- мах. број на катови;
- мах. висина на градбата (м');
- процент на изграденост (%);
- коефициент на искористеност (К);
- потребен број на паркинг места
- Површина на зеленило
- Нулта кота

4.18 Во Урбанистичкиот проект, предвидена е следната поединечна намена:

- **Г3.1-Автосервиси**

со дозволени компатибилни намени

4.19 Во табеларниот приказ што е составен дел на нумеричките показатели и деталните услови за изградба, зададените вредности со урбанистичкото решение од Планскиот дел на овој УП за површина на градење, вкупно изградена (етажна) површина на градбата, процент на изграденост, коефициент на искористеност, катност и височина до хоризонталниот венец на градбата се максимално дозволени вредности. Во зададените бруто развиена површина и коефициент на искористеност не влегуваат површините од можните пречекорувања на градежните линии.

4.20. Со урбанистичкото решение предвидени се и приклучни места на градбата на водовите од комуналната инфраструктура. При изработка на основните проекти, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за инфраструктурата од тие проекти.

4.21 Во понатамошните фази на реализација за новопроектираната градба во градежната парцела, по издадено одобрение за градење, во текот на изградбата можат да се направат измени на градбата, доколку со измените не се влијае на исполнување на кое било основно барање за градбата и не се менува усогласеноста на градбата со параметрите од Планскиот дел од овој Урбанистички проект. Инвеститорот е должен да поднесе барање со дополнување на основниот проект, во сè согласно пропишаното со членот 69 од Законот за градење, без потреба од изработка на нов Урбанистички проект и без потреба од изработка на нов идеен проект.

4.22. Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија“ број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13,137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ

Зададени урбанистички параметри согласно Изводот од план:

УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ СОГЛАСНО ГУП КРИВА ПАЛАНКА							
Бр. на КП	Површина на КП (м2)	Намена на земјиште	Максимална висина	Максимална катност	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност	Компатибилни намени
6583/2	878.09	Г-Производство, дистрибуција и сервиси	со разработка согласно Закон за урбанистичко планирање				

Постојна состојба

ПОСТОЈНА СОСТОЈБА-опфат		
НАМЕНА	ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ
НЗ-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	878.09	100.00%
ВКУПНО	878.09	100.00%

Планирана состојба

ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА-опфат		
НАМЕНА	ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ
Г3.1-АВТОСЕРВИСИ	819.33	93.31%
Е1-СООБРАЌАЈНИ, ЛИНИСКИ И ДРУГИ ИНФРАСТРУКТУРИ	58.76	6.69%
ВКУПНО	878.09	100%

Со овој УП се дефинира **една површина за градба** во која може да се постави градба Сервис за поправка на моторни возила-Автосервис.
- За одредување на урбанистичките параметри применети се нормативите зададени со **Правилникот за урбанистичко планирање** (Сл. весник на РСМ, број 225/20, 219/21, 104/22, 99/23, 07/25, 143/25, 241/25, 30/26 и **87/26**) во однос на дефинирање на поединечната намена, процентот на изграденост и коефициентот на изграденост на парцелата односно дефинирање површина за градба и развој по висина.

Нумерички показатели за површините во проектниот опфат:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПРОЕКТЕН ОПФАТ-ПРОЕКТИРАНА СОСТОЈБА					
НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ПОВРШИНА НА ПРОЕКТЕН ОПФАТ	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	НАМЕНА НА ПОВРШИНИ	ВКУПНО ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО
01	02	03	04	05	06
ГП 1.1	878.09m2	819.33m2	Г3.1-автосервиси	297.90m2	36.36%
			зеленило	188.44m2	23.00%
			внатрешен сообраќај и партер	332.99m2	40.64%
ВКУПНО ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА				**819.33**	**100.00%**
Е1-сообраќајни, линиски и др. Инфраструктури надвор од ГП				58.76m2	6.69%
ВКУПНО ОПФАТ				**878.09m2**	**/**

Нумерички показатели на урбанистичките параметри за градбите во градежната парцела:

УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ за градежната парцела													
Бр. на ГП	Површина на Г.П. (м2)	Поединечна намена	компатибилни намени	Мах.површина за градење (м2)	Вкупно развиена површина (м2)	Мах висина до венец(м2)	Мах. катност	Процент на изграденост (%)	Коеф. на искористеност	Потребен мин.бр.на паркинг места	Површина на зеленило (м2)	Површина на внатрешен сообраќај и партер	Нулта плоча(нв)
1.1	819.33	Г3.1-автосервиси	(Б1,Г2,Г4)-40%	297.90	595.80	10.00	П+1	36.36%	0.73	4	188.44	332.99	602.00

Споредбени табели:

СПОРЕДБЕНИ БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ			
		ПОСТОЈНА СОСТОЈБА	ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА
1	**ПРОЕКТЕН ОПФАТ**	878.09	878.09
2	**ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА**	/	819.33
3	Неизградено земјиште	878.09	0.00
4	ГП-Г3.1	0.00	819.33
5	Површина на земјиште под градба(М2)	0.00	297.90
6	Вкупна бруто развиена површина(М2)	0.00m²	595.80
7	Процент на изграденост(%)	0.00%	36.36%
8	Зеленило(%)	0.00%	23.00%
9	Внатрешен сообраќај и патеки	0.00%	40.64%
10	Е1-Сообраќајни, линиски и др.инфра (надвор од ГП-%)	0.00%	6.69%

Градежна парцела 1.1

Во рамките на проектниот опфат со површина од 878,09 м² се оформува една градежна парцела 1.1.со поединечна намена **Г3.1-Автомобилски сервиси.**
Компатибилни намени: Б1 (до 40%); Г2(до 40%); или Г4 (до 40%).
* Максималниот дозволен процент на учество на збирот на компатибилните класи на намени во однос на основната намена не смее да надмине 40% на ниво на градежна парцела.
Во оваа градежна парцела планирана е **1(една) површина за градба** дефинирана со градежни линии и тоа:

-Површина на градежна парцела: **819,33 m².**
-Површина за градење: **297,90 m²**
-Вкупна развиена површина: **595,80 м²**
-Компатибилни класи на намена: (Б1, Г2, Г4)-40%
-Максимална дозволена висина на венец: **10.00м**
-Максимална дозволена катност: **П+1**
-Режим на градење под земја: 1м растојание од соседна градежна парцела.
-Нулта плоча: од 602.мнв. Дозволено е поместување на нултата плоча до 0,3м од нивото на пристап.
-Процент на изграденост: **36,36%**
-Коефициент на искористеност: **0,73**
-Зеленило: **20%** потребен минимален процент на зеленило под кое не смее да има градба.
- Пристап: од пристапен пат за еднонасочен сообраќај (јавна површина).
-Потребен број паркинг места: мин **4.**

Потребниот број на паркинг места ќе се определи согласно потребите на градбата. Обезбедувањето на потребен број паркинг места да претставува услов за изградба до дозволената максимална висина на градба.

- Норматив за потребен број паркинг места за компатибилните намени: најмалку 1 паркинг место на секои 100м2 деловен простор.

Паркирање може да се планира и подземно.

*****Интервентен пристап на ПП возило од југоисточната страна на градежната парцела преку кп.6748/2 КО КРИВА ПАЛАНКА.

Разработка: Со основен проект согласно Закон за градење.

5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

5.1 Мерки за заштита на природното и културното наследство,

Заштита на природното наследство

Посебно внимание при заштита на природата треба да се посвети на начинот, видот и обемот на изградба што се предвидува во заштитните простори за да се одбегнат или надминат судирите и колизиите со инкомпатибилните функции.
Доколку за предметниот простор се дојде до одредени нови сознанија за природно наследство кое би можело да биде загрозено со урбанизацијата на овој простор, потребно е да се предвидат соодветни мерки за заштита на природното наследство согласно Законот за заштита на природата.

Заштита на културното наследство

Вградувањето соодветен режим за заштита на недвижното културно наследство во урбанистичкот проект се врши според заштитно-конзерваторски основи согласно чл. 71 од **Законот за заштита на културното наследство** („Службен весник на РМ“ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 3/25 и 160/25) и Правилникот за содржина и методологија за изработка на заштитно-конзерваторски основи за културно наследство (Сл. весник на РМ бр: 111/05).
Доколку при реализација на овој УП се појави археолошко наоѓалиште треба да се постапи во согласност со одредбите од член 65 од **Законот за заштита на културното наследство** („Службен весник на РМ“ бр. 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19 и „Службен весник на РСМ“ бр. 3/25 и 160/25), односно веднаш да запре со отпочнатите градежни активности и да се извести надлежната институција за заштита на културното наследство.

5.2 Заштита на животната средина

Анализата на влијанијата врз животната средина како превентива има за цел да ги идентификува можните проблеми, да ги рационализира трошоците и да направи оптимален избор на мерките за заштита на животната средина. За разлика од “пасивниот” пристап (со кој се применуваат заштитни мерки по настанатиот проблем, што претставува финансиско оптоварување на производителите и давачите на услуги, општеството во целост како основна причина за натрупување на нерешените проблеми и загадување на животната средина), превентивната заштита на животната средина се трансформира во елемент на развој и појдовна основа за глобалното управување со животната средина засновано врз принципите на одржлив развој.

Заштитата и унапредувањето на животната средина е темелна вредност на Уставот на РМ (Член 8) и е регулирана со **Закон за животната средина**

(„Службен весник на РМ“ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 89/22 и 171/22). Проектните решенија, покрај другите фактори суштествени при дефинирање на градбите произлегуваат и од факторот - заштита и унапредување на животната средина.

Превентивната заштита на животната средина претставува еден од елементите на развој и појдовна основа за глобално управување со животната средина, засновано врз принципите на одржлив развој. Заштитата на животната средина е императив на овој проект.

На заштитата и унапредувањето на квалитетот и состојбата на медиумите на животната средина (воздух, вода, почва), на областите на животната средина, на биолошката разновидност и другите природни богатства, како и на заштитата на озонската обвивка и заштитата од негативното влијание на човекот врз климатскиот систем покрај одредбите на закон за животна средина се применуваат и одредбите на законите за одделни медиуми и области на животната средина.

Заштитата на медиумите и одделните области на животната средина се постигнува преку превземање на мерки и активности кои се однесуваат на заштитата од штетни влијанија утврдени со законот за животната средина и посебните закони, од:

- вршењето различни дејности;
- загадувачките супстанци и технологии;
- отпадот;
- бучавата и вибрациите;
- јонизирачкото и нејонизирачкото зрачење;

Заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на/врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации; заштита од јонизирачко и од нејонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската

разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

За реализација на системот за заштита на животната средина потребно е да се почитува следното:

- зачување на амбиенталните, есетските и рекреативните потенцијали на просторот;
- изградба на современа инфраструктура;
- селектирано и организирано депонирање на отпадот со контролиран транспортен систем во регионалната санитарна депонија.
- озеленување на дворните површини со високо и ниско зеленило кои значително ќе придонесе за микроклимата на овој дел
- заштита на планираните коридори наменети за енергетска инфраструктура од градба на објекти и друга инфраструктура.

При преземањето активности или при вршењето дејности да се обезбеди висок степен на заштита на животната средина и на животот и здравјето на луѓето кои претстојуваат тука.

Загадувачот е должен да ги надомести трошоците за отстранување на опасноста од загадување на животната средина, да ги поднесе тршоците за санација и да плати правичен надомест за штетата причинета врз животната средина, како и да ја доведе животната средина, во најголема можна мерка, во состојба како пред оштетувањето.

5.2.1 Мерки за заштита на водата

Заштитата на водата се третира како превентивна заштита. Превентивната заштита на водата при подземно водење на инфраструктурните водови за водоснабдување и прифаќање на отпадните води, како подземни инсталации, се однесува во нивната монтажа, експлоатација, одржување и интервенција. Инфраструктурните водови треба да бидат поставени во согласност со постојните технички нормативи и стандарди кои ќе ја обезбедат нивната сигурност, безбедност и долготрајност во експлоатацијата, ракувањето и одржувањето. Изборот на материјалите да биде во согласност со важечките стандарди и нормативи. Согласно планираната класа на намена во рамките на проектниот опфат ќе се превземат сите заштитни мерки за не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности, квалитетот, количината и режимот на површинските и подземните води.

Објектите да се приклучат на фекална канализација за одведување на течниот отпад, а до нејзина реализација ќе се одведува во септичка јама која ќе биде чистена периодично. Цврстиот отпад ќе се собира во дефинирано место за корпа за отпад кое ќе биде лоцирано така да биде лесно достапно за комуналните служби, за лесно да се прифати и да се депонира во најблиската санитарна депонија. Токму затоа при планирање потребно е да се потенцира дека создавателот и/или поседникот на отпадни материи и емисии ги сноси

сите трошоци за санација на евентуално предизвикано нарушувања на животната средина.

5.2.2 Мерки за заштита на почвата

Согласно планираната класа на намена во рамките на проектниот опфат да се превземат сите заштитни мерки за не дојде до загадување на почвата од отпадни води, пестициди, тешки метали и сл. во текот на градбата.

5.2.3 Управување со отпад

Со овој УП се предвидува избегнување и намалување на количеството на создадениот отпад и неговото негативно влијание врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. При управувањето со отпадот, се предвидува истиот организирано да се прифати, да се транспортира и депонира во регионалната санитарна депонија.

Согласно член 7 од **Закон за управување со отпад** („Службен весник на РСМ“ бр. 216/21), создавачите на отпад се должни во најголема мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето. Доколку општината отпочне со управување со отпадот ќе се примени претходна селекција за понатаму отпадот да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија.

5.2.4 Мерки за заштита од бучава

Со оглед на планираната намена во рамките на проектниот опфат потребни се дополнителни мерки за заштита од бучава. При изведба да се применат современи материјали за градба со звучноизолациони својства со цел намалување на бучава при вршење на дејностите во објектот.

5.3 МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Согласно Закон за одбрана („Службен весник на РМ“ бр. 185/11 – пречистен текст и 215/15 и „Службен весник на РСМ“ бр. 42/20), **Закон за заштита и спасување** („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 215/21, 74/24, 38/25 и 102/25), **Закон за пожарникарство** („Службен весник на РМ“ бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на РСМ“ бр. 152/19) и **Закон за управување со кризи** („Службен весник на РМ“ бр. 29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 215/21 и 124/25), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Мерките за заштита и спасување се остваруваат преку организирање на дејства и постапки од превентивен карактер, кои ги подготвува и спроведува Републиката преку органите на државната управа во областа за кои се основани. Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.
Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат при планирањето и уредувањето на просторот, во проектите како и при изградба на објекти и инфраструктура, согласно Уредбата за начинот на применување на мерките за заштита и спасување, при планирање и уредување на просторот и населбите, во проектите и изградба на објектите (Сл весник на РМ бр; 105/05), како и учество во техничкиот преглед.
Мерки за заштита и спасување се: урбанистичко-технички и хуманитарни и други мерки за заштита и спасување кои би се појавиле при и по природните непогоди и други несреќи.
Урбанистичко-технички мерки се:

-засолнување
-заштита и спасување од поплави
-заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи
-заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства
-заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи и
-спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

-евакуација
-згрижување на загрозеното и настраданото население
-радиолошка, хемиска и биолошка заштита
-прва медицинска помош
-заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло
-заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
-асанација на теренот.

Врз основа на член 53 од **Закон за заштита и спасување** („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 215/21, 74/24, 38/25 и 102/25),

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

1) при планирањето и уредувањето на просторот и населбите
2) во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко-угостителска дејност и
3) при изградба на објекти и инфраструктура.

Начинот на применувањето на мерките за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничкиот прием Владата го уредува со уредба.

Во функција на уредувањето на просторот задолжително се обезбедува:

1) изградба на објекти отпорни на сеизмички дејства
2) регулирање на водотеците и изградба на систем на одбранбени насипи
3) изградба на снегозаштитни појаси и пошумување на голините
4) Обезбедување на противпожарни пречки
5) изградба на објекти за заштита и
6) изградба на потребната инфраструктура.

Мерките за заштита и спасување во овој **Урбанистички проект** се применети во следните аспекти:

ПП заштита:

-Има најмалку 8м растојание меѓу предвидениот објект и соседните објекти,
-Овозможен е непречен пристап на противпожарните возила од најмалку две спротивни страни на објектот.
-Растојанието на предвидените хидранти од ѕидот на објектот да изнесува најмалку 5м а најмногу 80м.
-предвидена е мерката заштита од поплави со атмосферска канализација на ниво на парцела за прифаќање на водите, претходен третман и испуштање во најблизок реципиент-река.

При спроведување на овој УП:

-При изведба на водоводна мрежа, во фазата Основен проект ќе биде неопходно да се предвидат и реализираат соодветен број противпожарни надворешни хидранти со кое ќе бидат задоволени мерките на превентива и заштита во случај на пожар. Растојанието на предвидените хидранти од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5м а најмногу 80м. Капацитетот на резервоарот потребно е да се изведе да има во секое време доволно вода за гаснење на пожар.
-Ивиците на пристапните тротоари мора да бидат закосени поради лесен пристап на пожарните возила до градбата.

-При изградба да се применуваат огноотпорни материјали
-Да се реализираат системите за ПП заштита во внатрешноста на објектот кои ќе се предвидат со Елаборатот за ПП заштита.
Останати мерки за заштита од пожар се предвидуваат со изработката на техничката документација на објектот на ниво на Основен проект согласно Законот за градење а во постапката за добивање одобрение за градење и треба да бидат во согласност со Законот и Правилниците за мерки за заштита од пожар експлозии и опасни материи.
Во случај на диспозицијата на противпожарната заштита, предметната локација во случај на пожар ќе ја опслужуваат противпожарни единици од градот Крива Паланка.
При примена на проектните решенија на УП, за сè што не е регулирано со овие услови да се применуваат стандарди и нормативи утврдени со **Законот за заштита и спасување** („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 215/21, 74/24, 38/25 и 102/25), Процена за загрозеност на Република Македонија од природни непогоди и други несреќи („Службен весник на РМ“ бр.117/07), Методологија за содржината и начинот на проценување на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето („Службен весник на РМ“ бр.76/06) и Уредбите за спроведување на заштитата и спасувањето од пожари и урнатини („Службен весник на РМ“ бр. 98/05).

5.3.1 Засолнување

Согласно критериумите од член 62 од Законот за заштита и спасување засолнувањето опфаќа, планирање, изградба, одржување и користење на јавни засолништа. Потребниот број на засолнишни места се утврдува според намената на објектот и новопроектираната корисна површина, а степенот на заштита се определува според утврдениот потребен број на засолнишни места и Одлуката за утврдување на загрозени зони (Сл. Весник на РМ бр.105/05);
Јавните засолништа се планираат согласно Програмата на Владата за мерките за заштита и спасување, а истите се вградуваат во урбанистичките планови.
Местата за засолнување се предвидени да се изведат во подрумските простории или во некое од предвидените засолништа.

5.3.2 Мерки за заштита и спасување од поплави

Заштита и спасување од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Планираниот објект се планира во иднина да се приклучи на атмосферска градска мрежа. Доколку истата не постои, атмосферските води ќе се одведуваат во дворната површина во градежната парцела во подземен попивателен бунар. Забрането е усмерување на атмосферските води кон соседни парцели. Партерното решение да се разработи со основен проект.
Просторот е подлежен на поплави, со оглед на конфигурацијата на теренот и близината на реката.
Мерките за заштита од поплави, уривање на брани и други атмосферски непогоди согласно Законот за заштита и спасување ("Службен весник на Република Македонија"бр.:36/04,49/04,86/08,124/10,18/11,93/12,41/14,129/15,71/16,106/16,и83/18;и"Сл.весник на Република Северна Македонија бр.215/21), и другите позитивни прописи со кои е регулирана оваа област, да се применат со мерки при изградба на објектите.
-предвидена е мерката заштита од поплави со атмосферска канализација на ниво на парцела за прифаќање на водите, претходен третман и испуштање во најблизок реципиент-река се до изведба на планираната атмосферска канализација.

5.3.3 Мерки за заштита од пожар

При изработката на овој Урбанистички проект предвидени се пропишаните мерки за заштита од пожари, согласно **Законот за заштита и спасување** („Службен весник на РМ" бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ" бр. 215/21, 74/24, 38/25 и 102/25) и **Законот за пожарникарство** („Службен весник на РМ" бр. 67/04, 81/07, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и „Службен весник на РСМ" бр. 152/19), како и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

Од урбанистички аспект, противпожарната (ПП) заштита се предвидува преку:

- Овозможување брз и непречен пристап до градбата;
- Предвидување на градбите од тврда градба, со примена на огноотпорни материјали;
- Обезбедување на доволни растојанија меѓу објектите при самото планирање;
- Сообраќајно решение кое овозможува директен пристап на противпожарно возило до градбата;
- Димензионирање на сообраќајницата со доволна ширина, што овозможува непречено и брзо движење на противпожарните возила;
- Обезбедување на доволна количина на вода за гасење на пожар;
- Близината на Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) во Крива Паланка, која е опремена со противпожарни возила и со стручно обучени лица за брзо дејствување во случај на пожар.

Противпожарна (ПП) заштита

Влезот во градежната парцела е обезбеден од планираната сообраќајница (непречен еднонасочен сообраќаен пристап со влез-излез), со што се обезбедени услови за несметан пристап на противпожарни возила. При проектирањето водено е сметка за можноста за директна интервенција на ПП возило од улица.

Мерките за противпожарна заштита се дефинирани преку следните параметри:

- **Растојанија и позиционирање:** Предвидена е површина за градба поставена на прописни растојанија од околните објекти и од границата на градежната парцела. Има доволно растојание меѓу предвидениот објект и соседните објекти во околината согласно Изводот од план. Растојанијата на градежните линии на предвидените градби гарантираат сигурност и заштита од ширење пожар од една на друга градба.
- **Сообраќаен пристап:** Широчината и проточноста на пристапната сообраќајница овозможуваат непречен пристап на противпожарните возила. Минималната широчина на пристап за еднонасочно движење на возило изнесува 3,5 м со потребен простор за маневри и свртница, додека а за **двонасочно движење изнесува минимални 5.5 м**. согласно **Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Службен весник на РСМ“ бр. 231/20)**. Рабовите на пристапните тротоари мора да бидат закосени заради лесен пристап на пожарните возила до градбата.
- **Хидрантска мрежа:** При изведба на водоводната мрежа, во фазата Основен проект ќе биде неопходно да се предвидат и реализираат соодветен број противпожарни надворешни хидранти со кои ќе бидат задоволени мерките на превентива и заштита во случај на пожар. Растојанието на предвидените хидранти од ѕидот на објектот изнесува најмалку 5 м, а најмногу 80 м. Доколку не може да се обезбеди вода за хидрантска мрежа, противпожарната заштита за објектот да се реализира со други алтернативни системи за ПП заштита.
- **Материјали:** При изградбата задолжително е да се применуваат огноотпорни материјали.

Државните органи, органите на државната управа, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите се должни да имаат соодветни уреди и инсталации за заштита од пожари и експлозиии, друга противпожарна опрема, средства за гаснење на пожари и противпожарниапарати, според пропишани срандарди. Уредите, инсталацииите, опремата и средствата од ставот 1 на овој член, задолжително треба да се наоѓаат на одредеди места, да се одржуваат во исправна состојба, да бидат посебно обележени и секогаш достапни за употреба, согласно со закон.

Согласно член 70 од **Законот за заштита и спасување** („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 215/21, 74/24, 38/25 и 102/25), инвеститорот во проектната документација за изградба на објекти е должен да изготви посебен елаборат за застапеноста на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи и да прибави согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Согласност за застапеност на мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи дава Дирекцијата, односно нејзините подрачни организациони единици за заштита и спасување. Директорот на Дирекцијата ја утврдува содржината на елаборатот за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. Директорот на Дирекцијата ги пропишува мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи. **Одредбата од ставот 1 на овој член ги опфаќа сите објекти, освен станбените објекти со висина на венецот до 10 метри и јавните објекти со капацитет за истовремен престој до 25 лица.**
За објектите на кои не се однесува одредбата на овој член се применуваат важечките мерки, нормативи и стандарди кои се однесуваат на заштита и спасување.

5.3.4 Мерки за заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства

Согласно член 80 од **Законот за заштита и спасување** („Службен весник на РМ“ бр. 36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на РСМ“ бр. 215/21, 74/24, 38/25 и 102/25), заштитата од неексплодирани убојни и други експлозивни средства опфаќа пребарување на теренот и пронаоѓање на неексплодирани убојни средства, обележување и обезбедување на теренот, онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства како и транспорт до определеното и уреденото место за уништување и безбедносни мерки за време на транспортот. Онеспособување и уништување на сите видови на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на местото на пронаоѓање, ако за тоа постојат безбедносни услови.
Ако не се исполнети условите од ставот 2 на овој член, уништувањето на неексплодирани убојни и други експлозивни средства се врши на претходно определени и уредени места за таа намена.
Стандардните оперативни процедури за заштита и спасување од не експлодирани убојни и други експлозивни средства ги пропишува директорот на Дирекцијата.

5.3.5 Мерки за заштита од урнатини

Заштитата од урнатини како превентивна мерка се утврдува во урбанистичките планови во текот на планирање на просторот. Во овој УП е утврден претпоставениот степен на урнатини, нивниот однос према слободните површини

и степенот на проодност на собраќајниците, врз основа на што е изработено планираното решение.

За трусноста на подрачјето се донесени заклучоци врз основа на анализи и статистики на земјотресите што се случиле во претходниот период. Во поширокиот круг на **Крива Паланка** земјотресите биле со јачина од 7 – 9 степени МКС. Површински целата територија на општината е потенцијално активна до 8 степени по МКС.

Се предвидува асеизмичка градба.

Во случај на можни разурнувања, планираните решенија на уличната мрежа обезбедува:

- брза и непречена евакуација на луѓето (нема тесни грла на сообраќајниците)
- брз пристап на екипите за спасување и нивните специјални возила,
- непречена интервенција во кругот на катастрофата,
- штетите да се сведат на минимум,
- брза санација на последиците.

Другите елементи за заштита од земјотреси, како природна катастрофа, да се утврдат со посебниот елаборат за асеизмичка градба во делот на статиката и динамичка анализа на градбата, како составен дел на Основниот проект.

5.3.6 Мерки за сообраќајни несреќи

Комплетната сообраќајна сигнализација на уличната мрежа, како вертикална така и хоризонтална, треба да биде изведена целосно согласно позитивните законски прописи од областа на сообраќајот и безбедноста на патиштата. Брзината и ефикасноста на итните служби се директно условени од локацијата на предметниот опфат:

- **Итна медицинска помош:** Временскиот рок за дејствување на возилата за прва помош зависи од оддалеченоста од најблиската здравствена установа. За оваа локација, примарната медицинска интервенција и итната помош се обезбедуваат преку **Здравствениот дом во Крива Паланка**, што овозможува брз пристап до градежната парцела (додека за посложени медицински зафати е надлежна Општата болница во Куманово).
- **Противпожарна заштита:** Временскиот рок за дејствување на пожарните возила зависи од оддалеченоста од најблиската противпожарна станица. За предметната локација, интервенцијата се спроведува преку **Територијалната противпожарна единица (ТППЕ) – Крива Паланка**, чија релативна близина и опременост гарантираат брз и навремен одговор при евентуални пожари или други несреќи.

5.3.7 Евакуација

Со евакуацијата се врши планско, организирано и контролирано преместување на населението, материјалните добра и културното наследство на Републиката од загрозените во побезбедните подрачја.

Евакуацијата се извршува доколку со други мерки не е можно да се спречат последиците од природните непогоди и други несреќи.

Населението од подрачјето од кое се врши евакуација, може да евакуира во друга општина на одредено место и во одредено време.

5.3.8 Згрижување на загрозеното и настраданото население

Згрижувањето опфаќа прифаќање, сместување и обезбедување на основни услови за живот на настраданото и загрозеното население. Републиката и единиците на локалната самоуправа се должни да обезбедат сместување и итно згрижување на населението, кое поради природни непогоди и други несреќи, останало без дом и средства за живеење и кое поради загрозеност се задржува надвор од своето место на живеење.

5.3.9 Радиолошка, хемиска и биолошка заштита

Радиолошката, хемиската и биолошката заштита опфаќа мерки и активности за заштита на луѓето, добитокот и растенијата, со навремено откривање, следење и контрола на опасностите од последиците од несреќи со опасни материи, како и последиците од радиолошки, хемиски и биолошки агенси и преземање на мерки и активности за отстранување на последиците од нив. Сопствениците на објекти во кои се произведуваат и складираат опасни материи, сопствениците на транспортни средства, сопствениците и корисниците на објектите и уредите кои се наменети за јавно снабдување со вода, производство, сообраќај и складирање на прехранбени производи, лекарства и сточна храна, јавните здравствени служби, како и сопствениците на објекти во кои се врши згрижување и образование на децата, се должни да обезбедат заштитни средства и да ги спроведуваат стандардите и процедурите заради радиолошка, хемиска и биолошка заштита.

Надлежните субјекти потребно е да преземат мерки и активности за заштита и спасување и тоа:

-РХБ извидување на територијата
-дозиметриска контола
-детекција на РХБ агенси присутни на одредено подрачје
-лабораториско испитување на видот, концентрацијата, својствата и другите карактеристики на РХБ контаминентите.

5.3.10 Прва медицинска помош

Прва медицинска помош опфаќа преземање на мерки и активности за укажување на прва медицинска помош со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето-заболувањето, медицинска тријажа на повредените и заболените итранспорт до најблиските здравствени установи. Временскиот рок за дејствување на возилата за брза помош за овој проектен опфат зависи од оддалеченоста на најблискиот медицински центар и болница.Во близина на опфатот има болница.

5.3.11 Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло

Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки за заштита на животните и производите од животинско потекло од дејствата на природните непогоди, епизоотии и други несреќи. Превентивните мерки за заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло ги спроведуваат надлежни органи и институции во нивното

секојдневно работење.
Во спроведување на оперативните мерки, покрај надлежните органи и институции учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови, со укажување на прва ветеринарна помош на повреден, заболен и контаминиран добиток со стандардни и прирачни средства на местото на повредувањето и транспорт до соодветните ветеринарни установи.

5.3.12 Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло

Заштитата и спасувањето на растенијата и производите од растително потекло опфаќа превентивни и оперативни мерки и активности за заштита од растителни болести, епифитотии, штетници, плевели, радиолошка, хемиска и биолошка контаминација и други видови на загрозување.

- **Превентивните мерки** за заштита и спасување на растенијата и производите од растително потекло ги спроведуваат надлежните органи и институции во нивното секојдневно работење.
- Во спроведувањето на **оперативните мерки**, покрај надлежните органи и институции, учествува и Дирекцијата со своите единици и тимови.

5.3.13 Асанација на теренот

Асанација на теренот опфаќа пронаоѓање, собирање, идентификација, транспорт и погребување на загинати и починати лица, собирање, транспорт и закоп на угинати животни, собирање и уништување на сите видови отпадни и други опасни материи што го загрозуваат животот и здравјето на луѓето, дезинфекција, дезинсекција и дератизација на теренот и објектите како и аснација на објектите за водоснабдување.
За цврстиот отпад се предвидува собирање во контејнери за отпадоци и нивно редовно евакуирање до депонија. Евентуалните отпадоци од некој процес на производството потребно е да се собираат во посебен контејнер. Со тоа ќе се спречи загадување на почвите и на подземните води, а со тоа на животната и работната средина воопшто. Денешниот степен на развиток на сите научни гранки на техниката и хемијата, апсолутно овозможува здрав и чист животен амбиент, бидејќи може да се прочисти готово секој вид на отпадна вода. Со прочистување на отпадната вода, како и со заштита на водата од загадување, се решава проблемот на снабдување на стопанството и населбите со чиста вода. Со тоа се решава и прашањето на водата како елемент на животната средина, пресуден за егзистенција на човекот.
Носителите на одделните активности за асанација на теренот ќе се утврдуваат според надлежноста на предметниот опфат.

5.3.14 Заштита и спасување од свлекување на земјиштето

При изработката на проектната документација, со оглед на конфигурацијата на теренот која укажува на можно настанување на свлекување на земјиштето (лизгање на теренот), задолжително е да се изготви елаборат врз основа на претходно извршени детални геомеханички, геолошки и хидролошки испитувања на почвата.

5.4 *Мерки за спречување на бариери за лицата со инвалидност*

Мерките се однесуваат и за создавање на услови за непречено движење на лица со инвалидитет во рамките на планскиот опфат и се однесуваат на следното:

(1) Површините за движење на пешаците кои се планираат во урбанистичките плановии тоа тротоари, пешачки улици, пешачки патеки и плоштади каде што карактеристиките на теренот тоа го дозволуваат, треба да се со континуирана нивелета без скалести денивелации со подолжен наклон од најмногу 8,33%.

(2) Доколку јавните пешачки површини се на терен со големи висински разлики кои мораат да се совладаат со скали, со урбанистички план и урбанистичко планска документација треба да се предвиди алтернативна врска со рампа со максимален пад од 8,33% или во однос 1:12.
(3) Рампата од став (2) се димензионира за двосмерно движење на лица во колички при што нејзината најмала широчина треба да е 1,65 м, а оптималната широчина треба да е 1,80 м.
(4) Во зависност од наклонот на рампата, ограничена е нејзината должина и тоа за:
- наклон од 8,33% или во однос (1:12), максимална должина на рампата е 9 м;
- наклон од 6,66% или во однос (1:15), максимална должина на рампата е 12 м, и
- наклон од 5,0% или во однос (1:20), максимална должина на рампата е 15 м.
(5) Во случаите кога е неопходна поголема должина на рампите од онаа одредена воставот (4) на овој член, треба да се планираат одморишта чија што најмала должина треба да е 1,50 м, а оптимална должина треба да е 1,80 м.


за работниот тим:

Елена Арсов, дипл.инж.арх. овластување бр: 0.0362

раководител на Урбанистичкиот проект

2) **ГРАФИЧКИ ДЕЛ**

1. ИЗВОД ОД ПЛАН.....1:1000
2. АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА.....1:500
3. КАРТА НА ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ.....1:500
4. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ – Намени.....1:500
5. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ – Регулација на земјиште и градби.....1:500
6. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ – Внатрешен сообраќај и нивелманско решение..... 1:500
7. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ - Приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура.....1:500
8. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ - Партерно уредување со хортикултура.....1:500
9. УРБАНИСТИЧКО РЕШЕНИЕ - Синтезен приказ.....1:500



PRO-ENGINEERING
Про-Инженеринг
Градски пазар на кат лок бр.20 Тетово
Tregu i gjelbnrt ne kat lok nr.20 Tetovë
Musa Muslija 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM, PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

за Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1-Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка

ЛЕГЕНДА :

U-1.1 - Граница на проектен опфат= 878.09 м^2 (0,087 ха)


Граница на опфат на Проект за инфраструктура
Проект за инфраструктура за изградба на општински пристапен пат од Мизовски ливади до с.Градец со краци,
од април 2016 год.одобрен 05.05.2017год.

УРБАНИСТИЧКИ ПАРАМЕТРИ СОГЛАСНО ГУП КРИВА ПАЛАНКА

Бр. на КП	Површина на КП (м2)	Намена на земјиште	Максимална висина	Максимална катност	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност	Компатибилни намени
6583/2	878.09	Г-Производство, дистрибуција и сервиси	со разработка согласно Закон за урбанистичко планирање				

N

ПЛАНИРА:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО - ТЕТОВО	УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи	
		лиценца за проектирање бр.П339/А	лиценца за урбан.планови бр.0056
НАРАЧАТЕЛ:	Стоичко Зиновиев	РЕВИЗИЈА:	
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Крива Паланка		
ПЛАН:	Урбанистички проект		
ПРИЛОГ:	Извод од план со опфат	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	
ПЛАНЕР:	СОРАБОТНИЦИ:	ИНФРАСТРУКТУРА:	
дипл.инж.арх. Елена Арсов овластување бр 0.0362	дипл.инж.арх. Елена Арсеска овластување бр 0.0529 дипл.инж.арх. Мирема Ферати	д.г.и. Муса Муслија	РАЗМЕР М = 1:1000 / ТЕХНИЧКИ БР. 04-55/2025 ДАТА мај, 2026 / ПРИЛОГ бр: 01



PRO-ENGINEERING
Про-Инженеринг
Градски пазар на кат лок бр.20 Тетово
Tregu i gjelbnrt ne kat lok nr.20 Tetovë
Musa Muslija 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM, PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

за Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1-Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка

ЛЕГЕНДА :


U-1.1 - Граница на проектен опфат= 878.09 м^2 (0,087 ха)

ЛЕГЕНДА

- граница на опфат
- опфат на ажурирање
- асфалтиран пат
- катастарска парцела
- 574.03 – кота на терен

N

ПЛАНИРА:	ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ ПРО-ИНЖЕНЕРИНГ ДОО - ТЕТОВО	УПРАВИТЕЛ: Нермин Мустафи	
		лиценца за проектирање бр.П339/А	лиценца за урбан.планови бр.0056
НАРАЧАТЕЛ:	Стоичко Зиновиев	РЕВИЗИЈА:	
ДОНЕСУВАЧ:	Општина Крива Паланка		
ПЛАН:	Урбанистички проект		
ПРИЛОГ:	Ажурирана геодетска подлога со опфат	ДОКУМЕНТАЦИОНА ОСНОВА	
ПЛАНЕР:	СОРАБОТНИЦИ:	ИНФРАСТРУКТУРА:	
дипл.инж.арх. Елена Арсов овластување бр 0.0362	дипл.инж.арх. Елена Арсеска овластување бр 0.0529	д.г.и. Муса Муслија	РАЗМЕР М = 1:500 / ТЕХНИЧКИ БР. 04-55/2025
	дипл.инж.арх. Мирема Ферати		ДАТА мај, 2026 / ПРИЛОГ бр: 02



ПОСТОЈНА СОСТОЈБА-опфат		
НАМЕНА	ПОВРШИНА	ПРОЦЕНТ
Н3-НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	878.09	100.00%
ВКУПНО	878.09	100.00%

PRO-ENGINEERING
Про-Инженеринг
Градски пазар на кат лок бр.20 Тетово
Tregu i gjelbrrt ne kat lok nr.20 Tetovë
Musa Muslija 070 240 207

SHOQATA PËR PROJEKTIM, PLANIFIKIM, NDËRTIM, TREGËTI DHE SHËRBIME
ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, ПЛАНИРАЊЕ, ГРАДЕЖНИШТВО, ТРГОВИЈА И УСЛУГИ
COMPANY FOR DESIGNING, PLANNING, BUILDING, TRADE AND SERVICE

за Урбанистички проект за градежно земјиште, за формирање на градежна парцела со намена Г3.1-Автомобилски сервиси, на дел од кп.бр.6583/2 К.О.КРИВА ПАЛАНКА, Општина Крива Паланка

ЛЕГЕНДА :

U-1.1 - Граница на проектен опфат= 878.09 м^2 (0,087 ха)

граница на катастарска парцела

1.1 Нумерација на катастарска парцела

Н3 неизградено земјиште

СООБРАЌАЈНИ ПОВРШИНИ

постојна асфалтирана улица


ПОСТОЕЧКА ИНФРАСТРУКТУРА

